# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 64 Год. LXI Среда, 3 август 2005 Цена на овој број е 300 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 924. | **Указ** бр. 1 на Претседателот на Република Македонија............................. | 1 |
| 925. | **Указ** бр. 2 на Претседателот на Република Македонија............................. | 1 |
| 926. | **Закон** за буџетите................................. | 2 |
| 927. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси......... | 18 |
| 928. | **Закон** за железниците.......................... | 18 |
| 929. | **Уредба** за трговските дејности од мал обем и начинот на нивна регистрација | 42 |
| 930. | **Одлука** за давање концесија за експлоатација на минералната суровина геотермална вода на ДПТ "Ледра Агро" ДОО Гевгелија на локалитетот Смоквица - Гевгелија.......... | 44 |
| 931. | **Одлука** за определување на мрежата на ветеринарните друштва.............................. | 44 |
| 932. | **Решение** за изменување на Решението за именување членови на Советот за заштита на потрошувачите..................................... | 45 |
| | **Агенција за електронски комуникации на РМ** | |
| 44. | **Правилник** за пристап и користење на специфични мрежни средства................... | 45 |
| | **Огласен дел**................................................... | 1-48 |


## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**924.**

Врз основа на член 84, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија

### У К А З БР. 1

Се одликува

Киро Глигоров

со Орден на Република Македонија

за посебни заслуги во остварувањето на самостојноста, сувереноста, независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, како и за развивање и зацврстување на мирољубивата соработка и пријателските односи меѓу нашата и другите држави и јакнење на нејзината меѓународна положба и углед, вршејќи ја должноста Претседател на Република Македонија од 1991 до 1999 година.

Бр. 10-657
29 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**925.**

Врз основа на член 84, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија

### У К А З БР. 2

Посмртно се одликува

Борис Трајковски

со Орден на Република Македонија

за посебни заслуги во остварувањето на самостојноста, сувереноста, независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, како и за развивање и зацврстување на мирољубивата соработка и пријателските односи меѓу нашата и другите држави и јакнење на нејзината меѓународна положба и углед, вршејќи ја должноста Претседател на Република Македонија од 1999 до 2004 година.

Бр. 10-656
29 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**926.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

Се прогласува Законот за буџетите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јули 2005 година.

Бр. 07-2919/1 
22 јули 2005 година 
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА БУЏЕТИТЕ

ГЛАВА I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Содржина на Законот**

Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката за изготвување, донесување, извршување на Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје (во натамошниот текст: општините) и известување за извршување на истите.

**Дефиниции**

Член 2

Одделните поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

**1. Буџетски корисници** се корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (во натамошниот текст: централна власт), фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон на кои им е доверено вршење на јавни овластувања;

**2. Единки корисници** се корисници од втора линија кои се финансираат преку соодветниот буџетски корисник;

**3. Раководител на буџетски корисник** е лицето кое раководи со буџетскиот корисник, односно единката корисник;

**4. Буџет на Република Македонија** е годишен план на приходи и други приливи и одобрени средства и ги вклучува централниот буџет и буџетите на фондовите;

**5. Централен буџет** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, а се однесува на буџетските корисници на централната власт и ги вклучува основниот буџет, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности;

**6. Фондови,** во смисла на овој закон, се: Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Агенцијата за вработување на Република Македонија;

**7. Буџет на фонд** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства за финансирање на активностите на фондот утврдени со закон;

**8. Буџет на општините** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности;

**9. Основен буџет** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на буџетските корисници;

**10. Буџет на донации** е годишен план на приходите од донации и одобрените средства кои се користат строго наменски и согласно со договор склучен со донаторот;

**11. Буџет на дотации** е годишен план на приходите од дотации и одобрените средства кои се користат за финансирање на надлежностите на општината, за финансирање конкретна намена, надлежност, програми и инвестициони проекти;

**12. Буџет на заеми** е годишен план на приливи од заеми и одобрените средства кои се користат за финансирање на надлежност, програми и проекти;

**13. Буџет на самофинансирачки активности** е годишен план на приходите од активностите на буџетските корисници, односно единките корисници кои се дополнителни на основните активности дефинирани со закон и на одобрените средства;

**14. Функционална област** е збир на надлежности утврдени со закон кои буџетските корисници ги извршуваат во рамките на една област согласно со функционалната класификација;

**15. Носител на функционална област** е раководителот на буџетскиот корисник со највисок хиерархиски статус во функционалната област;

**16. Одобрени средства со буџетот** (во натамошниот текст: одобрени средства) претставуваат годишен максимален износ на право на трошење за буџетскиот корисник за утврдената намена;

**17. Преземени обврски** се обврски кои произлегуваат од склучени договори, нарачки и други документи кои предизвикуваат обврски за плаќање во некој иден период;

**18. Расходи** се сите плаќања (одливи) од буџетите за одобрени намени освен отплатата на главнината на заемите;

**19. Други одливи** се плаќањата за отплата на главнина на заеми;

**20. Долгорочни права на трошење** се утврдени средства кои се одобруваат во буџетите за наредните години;

**21. Приходи** се даноци и други задолжителни плаќања утврдени со закон, приливи кои произлегуваат од сопственост на средства (камата, дивиденда, закупнина и слично), надоместоци за дадени добра или услуги, подароци, донации, субвенции и трансфери;

**22. Други приливи** се приливи од заеми, продажба на капитални средства, издадени државни хартии од вредност и друго;

**23. Донации** се неповратни средства добиени од влади на други држави или меѓународни организации, како и од домашни или странски правни или физички лица кои се користат за тековни или капитални расходи, согласно со условите и намените договорени со донаторот;

**24. Дотации** се трансфери од Буџетот на Република Македонија до буџетот на општината;

**25. Заеми** се повратни средства добиени по основа на задолжување кај домашни и странски заемодавачи, согласно со критериумите, постапките и со условите пропишани со закон;

**26. Задолжување** претставува постапка за создавање на финансиски обврски со склучување на договор за заем, издавање на државни хартии од вредност и обврски по активирани државни гаранции;

**27. Буџетска класификација** е хиерархиски приказ на шифрите наменети за класифицирање на функциите, организационите единици, активностите и економските трансакции на единствен и конзистентен начин;

**28. Буџетски дефицит** е негативна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи;

**29. Буџетски суфицит** е позитивна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи;

**30. Трезор** е организациона единица при Министерството за финансии која управува со Трезорската сметка и со други сметки на државата, а врши и други активности;

**31. Трезорска сметка** е сметка или систем на сметки управувани од страна на Трезорот, преку која се врши евиденција на наплатата на сите приливи и се извршуваат сите одливи на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на општините и други институции согласно со закон;

**32. Трезорска главна книга** е официјален запис на податоците и трансакциите во врска со одобрените средства со буџетот, правото за трошење, пријавените преземени обврски, приливите и одливите за фискалната година на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на општините и на другите институции согласно со закон;

**33. Правото за трошење** е распределба на дел од одобрените средства со буџетот на буџетскиот корисник и единката корисник, што произлегува од одобрените квартални и месечни финансиски планови;

**34. Програма** е збир од поврзани сродни активности и проекти насочени кон остварување на заедничка цел или цели и

**35. Потпрограма** е активност или проект кој е составен дел на програмата.

### Буџетски начела

Член 3

Постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините, како и известувањето за извршување на истите се заснова на начелата на транспарентност, одговорност, законитост, економичност, ефикасност и ефективност.

### Усогласеност на законската регулатива

Член 4

Одредбите на друг закон во врска со остварувањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи во буџетот, треба да бидат во согласност со овој закон.

### Фискална година

Член 5

Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините се однесуваат за период од една фискална година која изнесува 12 месеца и започнува од 1 јануари, а завршува на 31 декември.

### План на приходи и други приливи

Член 6

(1) Планираните приходи и другите приливи се основа за утврдување на одобрените средства со буџетот.

(2) Планираните приходи и другите приливи се приходите и другите приливи на основниот буџет, приходите на буџетот на самофинансирачките активности, приходите на буџетот на донации, приходите на буџетот на заеми и приходите и другите приливи на буџетите на фондовите и на општините.

### Одобрени средства со буџетот

Член 7

(1) Буџетите од членот 2 на овој закон ги содржат одобрените средства по буџетски корисници и утврдени намени кои се однесуваат на финансирање на тековните, капиталните и другите расходи на буџетските корисници и нивните единки корисници за извршување на активностите претставени преку програми и потпрограми.

(2) Буџетските корисници не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над одобрените средства со Буџетот на Република Македонија и буџетот на општината.

(3) Неискористените одобрени средства со буџетот престануваат да важат на 31 декември во тековната фискална година.

### Средства од фондовите на Европската унија

Член 8

Министерството за финансии е надлежно за управување со средствата добиени од Буџетот на Европската унија, согласно со одредбите и правилата на Европската унија за финансирање и склучување на договори.

Член 9

(1) Средствата од структурните и кохезиони фондови на Европската унија, како и соодветни помошти и програми на Европската унија се составен дел на буџетите и се прикажуваат одделно преку планови на приходи и одобрени средства по програми и потпрограми.

(2) Одобрените средства од основниот буџет наменети за кофинансирање се прикажуваат во буџетот преку соодветна програма, односно потпрограма.

(3) Средствата од ставот (2) на овој член се долгорочна финансиска обврска на Република Македонија, односно на општината и се користат за време на траењето на проектот.

### Долгорочни права на трошење

Член 10

(1) Во буџетите се утврдуваат и долгорочните права за трошење во наредните фискални години.

(2) Износот на потребните средства за долгорочните права на трошење се утврдува врз основа на преземените обврски по основа на склучени договори, преземени обврски по основа на кофинансирање, договори за задолжување, одлуки за емисии на државни хартии од вредност и обврски по однос на стекнато членство на Република Македонија во меѓународни финансиски институции.

### Резерви

Член 11

(1) Во рамките на централниот буџет, односно на буџетот на општината се планираат средства за непредвидени случаи како постојана и тековна буџетска резерва.

(2) Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми кои во текот на подготовката на буџетите не можеле да бидат планирани.

(3) Постојаната и тековната буџетска резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на буџетот.

### Задолжување

Член 12

Критериумите, начинот, условите, ограничувањата и постапката за задолжување се утврдуваат согласно со закон.

**Буџетски класификации**

Член 13

(1) Буџетските класификации се користат за идентификување на специфичните намени на буџетските средства, за контрола на наменското користење на одобрените средства со буџетот при извршувањето на буџетот и за изготвување на потребните анализи, извештаи и годишната сметка.

(2) Буџетски класификации од ставот (1) на овој член се:

**- организациона класификација** која претставува структура на шифри за класифицирање на буџетските корисници и нивните структурно подредени единици во хиерархиската организациона структура на државата,

**- економска класификација** која претставува структура на шифри за класифицирање на планирани и реализирани приходи и приливи, одобрени средства со буџетот, права за трошење, преземени обврски и реализирани расходи и одливи,

**- функционална класификација** која претставува класификација на функциите на централната власт и општините согласно со прифатената меѓународна класификација пропишана од страна на Обединетите нации и

**- програмска класификација** која претставува структура на шифри за класифицирање на програмите и потпрограмите утврдени со буџетот.

(3) Министерот за финансии ги пропишува буџетските класификации од ставот (2) на овој член.

ГЛАВА II

ПОДГОТОВКА НА БУЏЕТИТЕ

**Основа за подготвување на буџетите**

Член 14

(1) Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика, како и приоритетите на општините.

(2) Министерот за финансии е одговорен за подготвување на Буџетот на Република Македонија и за неговото доставување до Владата на Република Македонија.

(3) Градоначалникот е одговорен за подготвување на буџетот на општината и за неговото доставување до советот на општината.

**Стратешки приоритети на Владата**

Член 15

(1) Владата на Република Македонија ги утврдува стратешките приоритети за наредната година, најдоцна до 15 април во тековната година.

(2) Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија како збир на цели и иницијативи, буџетските корисници на централната власт и фондовите, задолжително ги вклучуваат во своите буџети преку владини програми и потпрограми.

(3) Буџетските корисници изготвуваат тригодишен стратешки план во кој се содржани програми и активности за остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, како и целите и приоритетите на буџетскиот корисник за тој период.

**Фискална стратегија**

Член 16

(1) Министерството за финансии изготвува Фискална стратегија за среднорочен период од три години со која ги предлага насоките и целите на фискалната политика и ги утврдува износите за главните категории на проценетите приходи и одобрените средства за тој период.

(2) Фискалната стратегија ја донесува Владата на Република Македонија најдоцна до 31 мај во тековната фискална година.

**Содржина на Фискалната стратегија**

Член 17

Фискалната стратегија ги содржи:

1) основните економски претпоставки и насоките за изготвување на предлог на буџетот на Република Македонија;

2) проценета за висината на приходите, расходите и финансирањето на буџетот за тековна фискална година;

3) проценета за висината на приходите, расходите и финансирањето на буџетот на среден рок од три години и

4) другите потребни податоци.

**Утврдување на максимални износи на одобрени средства**

Член 18

(1) Министерството за финансии врз основа на Фискалната стратегија на Владата на Република Македонија í предлага максимални износи на одобрени средства за наредната фискална година по функционални области на централната власт и за фондовите.

(2) Владата на Република Македонија ги утврдува максималните износи на средствата од ставот (1) на овој член, најдоцна до крајот на мај во тековната фискална година.

**Буџетски циркулар**

Член 19

(1) Врз основа на усвоената Фискална стратегија и утврдените максимални износи на одобрени средства, Министерството за финансии најдоцна до 15 јуни, до носителите на функционалната област и на фондовите, доставува инструкции во форма на Буџетски циркулар (во натамошниот текст: Циркулар) заради доставување на барање за изготвување на предлог на буџетот.

(2) Носителот на функционална област го доставува Циркуларот до буџетските корисници од соодветната област, а буџетските корисници и фондовите до единките корисници.

(3) Министерството за финансии го доставува Циркуларот најдоцна до 30 септември до градоначалникот на општината.

**Содржина на Буџетски циркулар за Буџетот на Република Македонија**

Член 20

(1) Циркуларот ги содржи следниве елементи за изготвување на предлог на Буџетот на Република Македонија:

- проекција на макроекономските агрегати содржани во усвоената Фискална стратегија,

- утврдени стратешки приоритети на Владата со предлог на тековни програми и потпрограми на Владата,

- максимални износи на одобрени средства по функционални области на централната власт и фондовите утврдени од Владата на Република Македонија,

- упатства и насоки за подготвување на предлог на буџетските барања и

- други потребни информации.

(2) Носителот на функционалната област е одговорен за распределба на максималните износи на одобрени средства за другите буџетски корисници кои се во рамките на таа функционална област.

(3) При распределба на максималните износи на одобрени средства, носителот на функционалната област во согласност со стратешките приоритети на Владата ги распределува средствата во предлогот на буџетското барање.

(4) Распределениот максимален износ на одобрени средства за функционалната област се однесува за буџетските корисници и единките корисници од соодветната област.

**Буџетски циркулар за општините**

Член 21

Буџетскиот циркулар на општините ги содржи следниве елементи:

- информациите за тековните и проценетите макроекономски индикатори во Република Македонија,
- информацијата за процена на приходите во буџетската година кои се распределуваат меѓу Буџетот на Република Македонија и општините,
- стратешките приоритети на Владата на Република Македонија,
- посебните параметри кои ќе се користат за распределување на одобрениот удел од приходите од ДДВ на општините и
- информациите за одлуките на Владата на Република Македонија за наменски дотации, блок дотации и други дотации за општините утврдени со закон.

**Доставување на буџетските барања**

Член 22

(1) Буџетските корисници на централната власт и фондовите изготвуваат предлог на буџетско барање согласно со упатствата и насоките содржани во Циркуларот за основниот буџет, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

(2) Во согласност со упатствата и насоките содржани во Циркуларот, буџетските корисници на централната власт и фондовите изготвуваат предлог на буџетско барање за своите активности опфатени во програми, потпрограми и стратешки планови и го доставуваат до носителите на функционалните области.

(3) Носителите на секоја функционална област и раководителите на фондовите, предлогот на буџетските барања и предлогот на стратешките планови ги доставуваат до Министерството за финансии, најдоцна до 15 август во тековната година.

(4) За буџетските корисници кои не доставиле буџетско барање, носителот на функционалната област во нивно име го изготвува буџетското барање.

(5) За носителите на функционалната област на централната власт и фондовите кои не доставиле буџетско барање во рокот предвиден во ставот (3) од овој член, Министерството за финансии во нивно име изготвува предлог на буџет.

**Содржина на буџетското барање**

Член 23

Буџетското барање содржи:

- пополнет Циркулар,
- стратешки план на буџетскиот корисник за наредната фискална година,
- план за јавни набавки,
- образложение на барањето за нови капитални проекти,
- образложение на барањето за продолжување на капитални проекти за наредната фискална година и
- други информации согласно со упатствата и насоките содржани во циркуларот.

**Усогласување на буџетските барања**

Член 24

(1) Министерството за финансии врши проверка на усогласеноста на предлогот на буџетските барања од аспект на утврдените максимални износи на одобрени средства за функционалната област на централната власт и фондовите, со насоките и упатствата содржани во Циркуларот, како и од аспект на ефикасноста, приоритетноста и рационалноста на барањето.

(2) Предлозите на буџетските барања кои не се во согласност со ставот (1) од овој член, се враќаат на усогласување. Усогласените буџетски барања, од носителот на функционалната област и раководителот на фондот се доставуваат до Министерството за финансии најдоцна во рок од седум дена од денот на враќањето на предлогот на буџетското барање.

(3) Министерството за финансии во случај кога во рокот предвиден од ставот (2) на овој член не добие усогласени буџетски барања го доставува предлогот на буџетот на Република Македонија до Владата на Република Македонија.

(4) Во предлогот на буџетот на Република Македонија доставен до Владата на Република Македонија, се прикажува бараниот износ од носителот на функционалната област на централната власт и фондовите и предложениот износ од Министерството за финансии.

**Корекција на максимално утврдените износи на одобрени средства**

Член 25

(1) Министерството за финансии во случај на ревидирање на макроекономските индикатори, врши соодветна корекција на буџетската политика и на максимално утврдените износи на одобрени средства по функции на централната власт и фондовите.

(2) Во случај кога е потребна корекција на максимално утврдените износи на одобрени средства по функции на централната власт и фондовите за повеќе од 10%, Министерството за финансии го известува раководителот на буџетскиот корисник, односно носителот на функционалната област за потребата од вршење на соодветните корекции во буџетското барање.

(3) За извршените корекции на максимално утврдените износи на одобрени средства, Министерството за финансии ја известува Владата на Република Македонија.

**Обврска за процена на фискални импликации при предлагање на прописи и акти**

Член 26

(1) Буџетските корисници при предлагање на прописи и други акти, до Владата на Република Македонија задолжително доставуваат и пополнет образец за процена на фискалните импликации.

(2) Врз основа на образецот од ставот (1) на овој член Министерството за финансии до Владата на Република Македонија доставува мислење за предложените прописи и други акти.

**Преземање обврски по донесувањето на годишниот буџет**

Член 27

По исклучок на членот 7 став (2) од овој закон, доколку во текот на фискалната година, после донесувањето на буџетот е неопходно преземање на обврски над одобрените средства со буџетот, Владата на Република Македонија одлучува за преземањето на обврските и предлага извори на средства за нивно финансирање.

**Дополнителни фискални импликации врз општинските буџети**

Член 28

Собранието на Република Македонија или Владата на Република Македонија, доколку по донесувањето на буџетите на општините донесе прописи и други акти кои предизвикуваат дополнителни фискални импликации врз буџетите на општините, во истите задолжително се наведува изворот за финансирање.

ГЛАВА III

ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ

**Предлог на буџетот на Република Македонија**

Член 29

(1) Министерството за финансии доставува предлог на буџетот на Република Македонија до Владата на усвојување најдоцна до 1 ноември во тековната година.

(2) Предлогот на буџетот на Република Македонија содржи:

- резиме на макроекономските индикатори, економските политики (вклучувајќи ја политиката за јавни инвестиции),
- резиме на програмите на Владата вклучени во буџетот,
- резиме на програмите на буџетските корисници вклучени во буџетот,
- резиме на предлогот на буџетот по функционална класификација, економска класификација и по програми на Владата,
- предложен план на приходи и други приливи и одобрени средства за буџетските корисници од прва линија по ставки, програми и потпрограми и по буџети, односно извори на финансирање,
- среднорочна буџетска рамка вклучувајќи ги планираните приходи и други приливи и очекуваните одобрени средства, по функционалните области на централниот буџет и на фондовите,
- среднорочните преземени обврски по основа на кофинансирање, за програмите на Владата со прикажување на преземените обврски за буџетското учество за активностите кои се финансираат од донации и заеми,
- податоци за капиталните инвестициони проекти по програми,
- податоци за ненамирениот долг на почетокот и на крајот од годината, вклучувајќи го новиот долг и планираната отплата на истиот и
- други потребни податоци.

**Доставување на предлог на буџетот на Република Македонија до Собранието**

Член 30

(1) Владата предлогот на буџетот на Република Македонија го доставува до Собранието на Република Македонија најдоцна до 15 ноември во тековната година.

(2) Собранието на Република Македонија не може да го разгледува предлогот на буџетот на Република Македонија пред да поминат 20 дена од денот кога истиот бил доставен до Собранието на Република Македонија.

(3) Собранието на Република Македонија го донесува Буџетот на Република Македонија најдоцна до 31 декември.

(4) Министерот за финансии го презентира предлогот на буџетот на Република Македонија во Собранието на Република Македонија.

(5) Во постапката на донесување на Буџетот на Република Македонија, секое зголемување на предложените одобрени средства мора да биде проследено со соодветно намалување на други предложени одобрени средства. Резервата во предлогот на буџетот не може да се намали со цел за зголемување на друга ставка на одобрени средства.

**Донесување на буџетите на општините**

Член 31

Содржината и постапката за донесување на буџетите на општините е пропишана со закон.

**Времено право на трошење**

Член 32

(1) Во случај кога Буџетот на Република Македонија за наредната година не е донесен до 31 декември во тековната година, Министерството за финансии одобрува користење на средства месечно најмногу до една третина од вкупните извршени расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, имајќи ги предвид готовинските текови. Во текот на овој период не се преземаат обврски и не се извршуваат расходи за нови програми.

(2) Во случај од ставот (1) на овој член со донесувањето на Буџетот на Република Македонија, сите одобрени средства за тековната година кои дотогаш биле искористени ќе бидат вклучени во донесениот буџет.

ГЛАВА IV

УПРАВУВАЊЕ СО БУЏЕТИТЕ

**Флексибилност на буџетите**

Член 33

(1) Министерството за финансии води евиденција на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија и со буџетите на општините во Трезорската главна книга.

(2) Буџетските корисници во тековната фискална година можат да вршат пренамена во рамките на одобрените буџети.

(3) Пренамената од ставот (2) на овој член за буџетските корисници од централната власт и за фондовите ја одобрува Министерството за финансии, а за општините ја одобрува советот на општината. Пренамените кои се однесуваат на владините програми и потпрограми ги одобрува Владата на Република Македонија. За пренамени меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите одлучува Собранието на Република Македонија.

(4) За буџетските корисници од централната власт и за фондовите пренамените се однесуваат за сите одобрени средства меѓу програми и потпрограми, освен за владините и капиталните потпрограми и програми.

(5) Буџетските корисници од централната власт и фондовите со пренамени во тековната фискална година, можат да ги пренаменат одобрените средства со буџетот на ниво на програма најмногу до 15%.

(6) По исклучок на ставот (3) од овој член буџетскиот корисник и фондот не можат да вршат пренамена на буџетот со која се:

- зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и
- намалуваат одобрените средства за одредени капитални потпрограми.

**Намалување или зголемување на одобрените средства**

Член 34

(1) Буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми, буџет на дотации и/или буџет на самофинансирачки активности, во случај кога планираните приходи и другите приливи не се реализираат, доставуваат барање за намалување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети.

(2) Буџетските корисници од централната власт и фондовите, барањата за намалување ги доставуваат до Министерството за финансии, а за општините, градоначалникот доставува барање за намалување до советот на општината.

(3) По исклучок на ставот (1) од овој член Министерството за финансии може во име на буџетскиот корисник на централната власт и фондовите да изврши намалување на планираните приходи и другите приливи.

(4) Буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми, буџет на дотации и/или буџет на самофинансирачки активности, во случај кога приходите и другите приливи се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети.

(5) Буџетските корисници од централната власт и фондовите, барањата за зголемување ги доставуваат до Министерството за финансии, а за општините градоначалникот доставува барање за зголемување до советот на општината.

**Одобрување на средства од донации**

Член 35

Буџетските корисници при склучување на договор за донација се должни да го известат Министерството за финансии и органот надлежен за евроинтеграции за висината на донацијата, износите кои ќе се користат во тековната и наредните фискални години, како и потребните средства за кофинансирање.

Буџетските корисници се должни, на месечна основа, да доставуваат податоци до Министерството за финансии за користење на средствата од донациите.

Податоците од ставот (2) на овој член се доставуваат на образец чија содржина и форма ги пропишува министерот за финансии.

**Измени и дополнувања на буџетите**

Член 36

(1) Министерството за финансии ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет од Буџетот на Република Македонија, а градоначалникот на општината на основниот буџет на општината.

(2) Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината, во случај кога очекуваните приходи и други приливи се реализираат на пониско ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5%, ги намалуваат одобрените средства на основните буџети.

(3) Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината, во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5%, можат да извршат дополнителни отплати на главнина и камати.

(4) Доколку отстапувањето од планот на приходите и другите приливи од ставовите (2) и (3) на овој член е повисоко од 5%, на предлог на Министерството за финансии, Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија доставува измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија (ребаланс на буџетот), односно градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината до советот на општината.

ГЛАВА V

ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ

Член 37

(1) Извршувањето на буџетите опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со планот на приходи, како и извршување на плаќања во согласност со одобрените средства.

(2) При извршување на буџетот потребно е ефективно и ефикасно да се исполнат целите на буџетската програма преку транспарентни процедури.

(3) Ефективноста е остварување на поставените цели во согласност со буџетот во предвидените рокови, а ефикасноста е остварување на истите со користење на минимален износ на средства.

(4) Наплатата на приходите и другите приливи се врши согласно со закон.

**Трезор**

Член 38

(1) Трезорот ги врши следниве работи:

- управува со Трезорската сметка и другите сметки на државата, отворени од страна на Министерството за финансии,
- води Трезорска главна книга,
- води Регистар на буџетските корисници и единки корисници,
- води буџетско сметководство за приходите и расходите на Буџетот на Република Македонија,
- води евиденција за наплатата на приходите и другите приливи на Трезорската сметка и врши распределба по корисници,
- врши поврат на погрешно или повеќе уплатени приходи кои се во надлежност на Министерството за финансии и спроведува налози за поврат на погрешно или повеќе уплатени приходи кои се во надлежност на други институции,
- води евиденција на извршените расходи и другите одливи на Трезорската сметка,
- води евиденција на преземените обврски од страна на буџетските корисници и единките корисници на централната власт,
- води евиденција за достасани ненамирени обврски на буџетските корисници,
- ги предлага и се грижи за спроведување на процедурите за трезорско работење на буџетските корисници и единките корисници,
- подготвува класификација на потсметки во рамките на Трезорската сметка,
- ги предлага формата и содржината на обрасците за плаќања што ги користат буџетските корисници и единките корисници,
- изготвува дневни и периодични извештаи за наплатата на приходите и реализација на расходите на Буџетот на Република Македонија, според домашни и меѓународни стандарди,
- подготвува проекции на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи на Трезорската сметка и другите сметки на државата и управува со нивната ликвидност,
- одобрува годишни финансиски планови по квартали и квартални финансиски планови по месеци,
- ги извршува налозите по основа на решенија за присилна наплата доставени од Народната банка на Република Македонија кои ја задолжуваат Трезорската сметка и
- ги известува корисниците и единките корисници за прометот и состојбата на нивните сметки.

(2) Начинот на трезорското работење поблиску го пропишува министерот за финансии.

**Сметки на буџетските корисници и единките корисници**

Член 39

(1) За управување со финансиските средства на Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, како и за сите други финансиски средства на државата, Министерството за финансии отвора Трезорска сметка во Народната банка на Република Македонија.

(2) Министерството за финансии покрај Трезорската сметка може да отвори и други сметки кај носител на платен промет за одделни финансиски средства за кои е потребно посебно оперативно извршување и следење.

(3) За девизните средства од донаторите и за другите девизни средства кои ги поддржуваат активностите на буџетските корисници и единките корисници истите отвораат девизни сметки во Народната банка на Република Македонија по претходна согласност од Министерството за финансии.

(4) При отворање на девизните сметки од ставот (3) на овој член буџетските корисници и единките корисници отвораат кореспондентна сметка во рамките на Трезорската сметка.

(5) Поблиски прописи за начинот на отворање на девизни сметки пропишува министерот за финансии.

Член 40

(1) Во рамките на Трезорската сметка, како посебни потсметки, се водат сметките на буџетските корисници и единките корисници и на други институции согласно со закон.

(2) Носителите на платен промет не смеат да отвораат сметки или да прифатат депонирање на средства на корисниците и институциите од ставот (1) на овој член.

(3) Буџетските корисници и единките корисници ги отвораат сметките од ставот (1) на овој член, согласно со изворот на финансирање, односно нивните буџети.

(4) Билансот на Трезорската главна книга и билансот на Трезорската сметка се усогласуваат на редовна основа.

**Приходи и други приливи наплатени од буџетските корисници и единките корисници**

Член 41

(1) Сите приходи и други приливи на буџетските корисници и единките корисници се уплатуваат на трезорската сметка и се евидентираат на соодветни сметки во Трезорската главна книга.

(2) Буџетските корисници и единките корисници се одговорни за наплата на приходите кои ги остваруваат од вршење на работите од својата надлежност/дејност.

(3) Приходите од ставот (2) на овој член се евидентираат на посебните сметки од членот 40 став (3) на овој закон.

(4) Неискористените приходи од посебните сметки од ставот (3) на овој член, на крајот на фискалната година се пренесуваат за користење во наредната година.

(5) Буџетските корисници се должни да вршат контрола на наплатените приходи и извршените уплати на Трезорската сметка од страна на единките корисници.

**Користење на одобрените средства со буџетите**

Член 42

(1) Буџетските корисници по усвојување на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.

(2) Буџетските корисници кои имаат единки корисници, доставуваат извадок од буџетот во кој се содржани одобрените средства за секоја единка корисник. Единките корисници изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства и го доставуваат до буџетскиот корисник преку кој се финансираат. Буџетскиот корисник изготвува консолидиран годишен финансиски план за користење на одобрените средства со буџетот.

(3) Во текот на годината буџетските корисници го распределуваат одобреното право за трошење по единки корисници, согласно со годишниот финансиски план.

(4) Буџетските корисници на централната власт до Министерството за финансии доставуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства со буџетот.

(5) Министерството за финансии ги распределува одобрените средства по квартали врз основа на доставените годишни финансиски планови од буџетските корисници, со цел за усогласување на расходите со динамиката на реализацијата на приходите, а притоа имајќи ја предвид сезонската природа на одредени расходи, како и спецификите на капиталните и инвестиционите проекти.

(6) За користење на одобрени средства во даден квартал, буџетските корисници доставуваат финансиски план по месеци.

**Барања за плаќања**

Член 43

(1) За извршување на плаќања, буџетските корисници и единките корисници доставуваат барање за плаќање до Трезорот.

(2) Трезорот врши контрола на доставените барања за плаќања на начин пропишан од министерот за финансии.

(3) Извршените плаќања се евидентираат во Главната книга на Трезорот.

**Девизни плаќања**

Член 44

Плаќањата во странска валута се вршат согласно со официјалната курсна листа на Народната банка на Република Македонија важечка на денот на плаќањето.

**Евиденција на преземените обврски**

Член 45

Буџетските корисници и единките корисници на централната власт се должни да ги пријавуваат преземените обврски заради нивно евидентирање во единствената база на податоци за преземени обврски во трезорот.

**Одговорност за наменско користење на одобрените средства**

Член 46

Буџетските корисници и единките корисници се должни средствата да ги користат наменски и не смеат да преземаат обврски над лимитот на одобрени средства со буџетот.

**Преземање на обврски за наредни години**

Член 47

(1) Во случај на преземање на обврски од страна на буџетските корисници и единките корисници, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години, буџетските корисници претходно мора да обезбедат согласност.

(2) Буџетските корисници и единките корисници од централната власт согласноста од ставот (1) на овој член ја обезбедуваат од Министерството за финансии, а буџетските корисници и единките корисници на фондовите и општините согласноста ја обезбедуваат од надлежниот орган.

**Користење на резервите**

Член 48

(1) За користење на средствата од резервите од членот 11 на овој закон одлучува Владата на Република Македонија, односно советот на општината.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, за користење на средствата од резервите на централниот буџет одлучува министерот за финансии, но најмногу до износ од 150.000 денари.

(3) Одобрените средства од ставовите (1) и (2) на овој член се дополнителни права за трошење на буџетските корисници и единките корисници.

(4) Министерот за финансии и поднесува на Владата полугодишен и годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

(5) Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Користење на привремено слободните парични средства**

Член 49

(1) Привремено слободните парични средства на Трезорската сметка и другите сметки на државата, Министерството за финансии може краткорочно да ги користи или да ги пласира со склучување на договор.

(2) Начинот и постапката за користење и пласирање на слободните парични средства ги пропишува министерот за финансии.

**Постапка за исплата на плати за буџетските корисници и единките корисници на централната власт**

Член 50

(1) Буџетските корисници на централната власт пред поднесување на барањата за плаќања за исплата на плати, доставуваат барање за одобрување на средства за плати до Министерството за финансии кое ги содржи бројот на вработени, структурата по квалификации и други потребни податоци. Барањето за одобрување на средства за плати мора да биде во согласност со одобрениот буџет по потпрограми и да се достави до Министерството за финансии два дена пред датумот на исплата на платата.

(2) Буџетските корисници од централната власт кои имаат единки корисници подготвуваат збирно барање за одобрување на средства за плати, врз основа на индивидуалните пресметки добиени од единките корисници, во рокот пропишан во ставот (1) од овој член.

**Постапка за нови вработувања**

Член 51

(1) Буџетските корисници и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, јавните претпријатија и јавно- правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Македонија, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија, односно во финансиските планови за тековната фискална година. Притоа ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија.

(2) Буџетските корисници на средства од буџетите на општините можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетите на општините. Притоа ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во општината.

(3) Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината се должни во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за вработување, писмено да ги извести институциите од ставовите (1) и (2) на овој член, за обезбедени средства за вработување.

(4) За обезбедените средства за вработување на државни службеници Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината ќе даде писмено известување по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

ГЛАВА VI

ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТИТЕ

Член 52

(1) Министерот за финансии најдоцна до 31 мај до Владата на Република Македонија ја доставува завршната сметка на Буџетот на Република Македонија на која претходно е извршена ревизија од Државниот завод за ревизија, како и извештајот на овластениот државен ревизор заедно со коментарите на Министерството за финансии. Кон завршната сметка на Буџетот на Република Македонија се приложуваат и завршните сметки на буџетите на општините.

(2) По утврдувањето на завршната сметка од страна на Владата на Република Македонија, истата се доставува за разгледување и донесување до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни.

(3) Завршната сметка на буџетите на општините се донесува согласно со закон.

(4) Формата и содржината на завршните сметки од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

ГЛАВА VII

ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА БУЏЕТИТЕ

**Полугодишен извештај за извршувањето на буџетот**

Член 53

(1) Извештаите за извршувањето на Буџетот на Република Македонија се објавуваат на веб страницата на Министерството за финансии на месечна основа.

(2) Министерот за финансии најдоцна до 31 јули во фискалната година доставува до Владата извештај за извршувањето на Буџетот на Република Македонија за првите шест месеца.

(3) Кон извештајот за извршувањето на Буџетот од ставот (2) на овој член се приложува ажуриран извештај за макроекономските индикатори и проектираните приходи, преземени обврски и расходи за буџетската година.

(4) Извештајот за извршувањето на Буџетот од ставот (2) на овој член се објавува на веб страницата на Министерството за финансии.

(5) Извештајот за извршувањето на буџетот на општината се подготвува согласно со закон.

Член 54

(1) Буџетот на Република Македонија и завршната сметка на Буџетот на Република Македонија се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Буџетот на општината и завршната сметка на буџетот на општината се објавуваат во службеното гласило на општината.

**Сметководство и внатрешна ревизија**

Член 55

Буџетските корисници и единките корисници се должни да водат сметководство и да вршат внатрешна ревизија согласно со закон.

ГЛАВА VIII

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 56

Раководителот на буџетскиот корисник ќе се казни за прекршок со парична казна од 20.000 до 50.000 денари доколку:

1) буџетскиот корисник - предлагач на пропис и друг акт нереално ги прикаже дополнителните фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија (член 26 став (1));

2) не го извести Министерството за финансии за висината на донацијата, износите кои ќе се користат во тековната и наредните фискални години и на месечна основа не доставува податоци за користење на средствата од донациите (член 35);

3) отвора сметки надвор од Трезорската сметка (член 40);

4) не ги наплатува приходите од вршење на својата надлежност/дејност и истите не ги уплатува на соодветните сметки во рамките на Трезорската сметка (член 41 ставови (1) и (2));

5) буџетскиот корисник не врши контрола на единките корисници согласно со членот 41 став (5) од овој закон;

6) не ги пријавува преземените обврски заради нивно евидентирање во единствената база на податоци за преземени обврски во Трезорот (член 45);

7) средствата ги користи ненаменски и преземе обврски над лимитот на одобрени средства со Буџетот (член 46) и

8) преземе обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во некоја наредна година или години, без претходна согласност (член 47).

Член 57

Со парична казна од 250.000 до 300.000 денари ќе се казни носител на платен промет, ако отвори сметки или прифати депонирање на средства на буџетски корисник или единка корисник.

ГЛАВА IX

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 58

(1) Министерот за финансии во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе прописите предвидени со овој закон.

(2) До донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 59

8) Ndërmarrin obligime për pagimin e të cilave nevojitet shfrytëzimi i mjeteve buxhetore në ndonjë vit të ardhshëm apo në vitet e ardhshëm, pa pëlqim paraprak (neni 47).

Neni 57

Me dënim me para prej 250.000 denarë deri më 300.000 denarë do të dënohet mbartësi i qarkullimit pagesor,nëse hap llogari ose nëse pranon depozitim të mjeteve, të shfrytëzuesit buxhetor ose shfrytëzuesit individ.

KREU IX

DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 58

(1) Ministri i Financave në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do t'i nxjerrë rregullat e parapara me këtë ligj.

(2) Deri në nxjerrjen e rregullave nga paragrafi (1) i këtij neni, do të zbatohen rregullat ekzistuese.

Neni 59

Nenet 8 dhe 9 të këtij ligji, do të aplikohen me përmbushjen e kushteve për shfrytëzimin e mjeteve.

Neni 60

Me ditën e aplikimit të këtij ligji, pushon të vlejë Ligji për buxhetet (Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 79/93, 3/94, 71/96, 46/2000, 11/2001, 93/2001, 46/2002, 24/2003, 85/2003 dhe 96/2004).

Neni 61

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet prej 1 janari të vitit 2006.

---

**927.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јули 2005 година.

Бр. 07-2944/1
26 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за комуналните такси ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004), во членот 15 по зборот "општината" се става запирка и се додаваат зборовите: "општините во градот Скопје и градот Скопје".

Член 2

Во членот 20 во Тарифата за комуналните такси во тарифниот број 10 во ставот 2 по зборот "општината" се става запирка, сврзникот "и" се брише и по зборот "Скопје" се додаваат зборовите: "и за градот Скопје".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## LIGJI PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TAKSAT KOMUNALE

Neni 1

Në Ligjin për taksat komunale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 61/2004), në nenin 15 pas fjalës "komuna" vihet presje dhe shtohen fjalët: "komunat në qytetin e Shkupit dhe Qyteti i Shkupit".

Neni 2

Në nenin 20 në Tarifën e taksave komunale në numrin tarifor 10 në paragrafin 2, pas fjalës "komuna" vihet presje, lidhëza "dhe" shlyhet dhe pas fjalës "Shkupit" shtohen fjalët: "dhe për Qytetin e Shkupit".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë"

---

**928.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЦИТЕ

Се прогласува Законот за железниците,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јули 2005 година.

Бр. 07-2954/1
26 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н ЗА ЖЕЛЕЗНИЦИТЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата на железничкиот систем, начинот и условите за извршување на железничкиот превоз, статусот на железничката инфраструктура и условите за пристап кон неа, обезбедувањето на услуги од јавен интерес и уредувањето на железничкиот превоз.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **"Објава на мрежа"** е детален приказ на расположливата железничка инфраструктура наменет за железничките превозници што содржи општи правила, рокови, постапки и критериуми во врска со одредувањето на надоместокот за користење на железничката инфраструктура и критериуми за распределба на капацитетите, како и други информации за условите за пристап на железничката инфраструктура;

2. **"Влечно возило"** е железничко возило со сопствен погон (дизел локомотиви, електрични локомотиви, парни локомотиви, моторни коли и моторни возила за посебни намени);

3. **"Влечено возило"** е железничко возило наменето за превоз на патници, багаж или стока (патнички товарни коли, приколки);

4. **"Воз"** е пропишано составена и закачена низа на железнички патнички и товарни вагони со едно влечно возило или со повеќе влечни возила со сопствен погон, само влечно возило со сопствен погон и само моторни коли;

5. **"Воздушен пружен простор"** е простор над пружниот појас во висина од 12, односно 14 метра при премин на далновод со напон поголем од 220 КВ, сметајќи од горниот раб на шината;

6. **"Возен ред"** е акт на управителот на железничката инфраструктура со кој се утврдува планираниот сообраќај на возовите за јавен превоз на патници и стока, како и превозот за сопствени потреби на железничката инфраструктура;

7. **"Дозвола за превоз"** е јавна исправа издадена од надлежен орган, со која на правно лице му се потврдува статус на железнички превозник со право на извршување на сите или посебни видови на превоз;

8. **"Дозвола за управување со железничката инфраструктура"** е јавна исправа издадена од надлежен орган, со која на правното лице му се потврдува дека ги исполнува пропишаните услови за управување и одржување на железничката инфраструктура;

9. **"Железнички систем"** го сочинуваат железничкиот превоз и железничката инфраструктура;

10. **"Железнички превоз"** е дејност што опфаќа превоз на патници и стока и/или влеча на возови;

11. **"Железничка инфраструктура"** се состои од железничките пруги со горен и долен строј, објектите на пругите, железничките станици, објектите на електричната влеча на возовите, сигнално сигурносните системи, телекомуникационите и информационите системи во железничкиот сообраќај, зградите, депоата и други градежни објекти на железничките станици кои се во функција на организирање, регулирање на железничкиот сообраќај и одржување на инфраструктурата, земјиштето кое функционално и припаѓа на пругата, службените места и објектите;

12. **"Железничка пруга"** е сувоземна шинска сообраќајница по која се одвива превоз на патници и стока со железнички возила;

13. **"Железничка станица"** е службено место на железничка пруга од кое се регулира сообраќајот на спротивни и последователни возови и во кое се врши влегување и излегување на патници, како и натовар и истовар на стока;

14. **"Железнички пружен појас"** е земјен појас од двете страни на и под трупот на пругата определен со инвестиционо техничка и експропријациона документација. Најмалата широчина на железничкиот пружен појас е по 1,0 метар од двете страни на земјиниот труп на пругата;

15. **"Железничка мрежа"** е севкупна железничка инфраструктура со која управува управителот на инфраструктурата;

16. **"Железничко возило"** е возило наменето за движење по железничка пруга (локомотива, моторна кола, патнички и товарни коли, како и железнички возила за посебни намени);

17. **"Заштитен појас на железничка пруга"** е замислен земјишен појас од двете страни на пругата, широк по 200 метра, сметајќи од краевите на пружниот појас;

18. **"Инфраструктурен капацитет"** е вкупниот број на траси на возови, што го овозможува железничката инфраструктура кои се користат врз основа на возен ред;

19. **"Индустриска железница"** е железница со која правното лице во областа на сообраќајот, индустријата, рударството, шумарството и во други области на стопанството превезува лица и стока за сопствени потреби;

20. **"Индустриски колосек"** е железнички колосек кој се приклучува на железничката инфраструктура и служи за доставување и отпремање на стока за сопственикот, односно на носителот на правото на користење на тој колосек;

21. **"Јавен превоз"** е превоз на патници и/или стока достапен за секој под еднакви услови, што се врши врз основа на договор меѓу превозникот и корисникот на услуги;

22. **"Маса на возилото по должински метар"** е масата на празно или на натоварено железничко возило, поделена со должината на возилото во метри, мерена од челото до челото на незбиените одбивници (одбивни уреди), односно автоматски спојки искажана во КН по должен метар;

23. **"Манипулативна пруга"** е дел од железничката инфраструктура, која служи за превоз на стока по потреба и без утврден ред на возење;

24. **"Меѓународна групација"** е секоја асоцијација од најмалку две железнички претпријатија основани во најмалку две држави со цел за давање на меѓународни железнички услуги;

25. **"Несреќа"** е непосакуван или ненамерен или ненадеен настан или посебна редица такви настани кои имаат штетни последици. Несреќите се делат на следниве категории: судир, лизгање од шини, несреќи на патни премини, несреќи на лица предизвикани од железнички возен парк во движење, пожари и друго;

26. **"Осно оптоварување"** е масата на празно или на натоварено железничко возило изразена во КН поделено со бројот на оските на возилото;

27. **"Одржување на железничка инфраструктура"** е збир од сите дејствија на тековна и инвестициона поправка на железничката инфраструктура;

28. **"Превозник"** е правно лице со приватен или јавен статус чија што основна дејност е давање транспортни услуги на патници и/или стока по пат на железница, врз основа на дозвола за превоз согласно со овој закон;

29. **"Превоз за сопствени потреби"** е превоз на патници и/или стока што превозниците и другите правни и физички лица сопственици на железнички возни средства, го вршат за своите потреби;

30. **"Патен премин"** е место на вкрстосување на железничката пруга со пат во исто ниво;

31. **"Реконструкција на железничка пруга, објект на пруга, постројка и уреди на железничко возило"** е преправка со која се менуваат нејзините основни конструктивни и технички карактеристики;

32. **"Ремонт на железничка пруга"** значи комплетна замена на горниот строј на пругата (шини, колосечен прибор, прагови, свртници, решетање и дополна на засторот), санација на долниот строј и елементи на долен строј на постројните железнички пруги;

33. **"Решение за безбедност"** е јавна исправа издадена од надлежен орган со која на превозникот, претпријатието му се потврдува исполнетоста на пропишаните услови за безбедно извршување на железничкиот сообраќај;

34. **"Решение за безбедност за управување со железничката инфраструктура"** е јавна исправа издадена од надлежен орган со која на јавното претпријатие или друго правно лице му се потврдува дека ги исполнува пропишаните безбедносни услови за управување и одржување на железничката инфраструктура;

35. **“Службено место на пруга”** се места од кои се регулира железничкиот сообраќај (железнички станици, крстосници, сообраќајни отпремишта, товаришта распатници, места за премин од двоколосечна на едноколосечна пруга и стојалишта);

36. **“Траса”** е план на сообраќај на воз меѓу две службени места, во предвидено време и под точно утврдени техничко-технолошки услови на железничката инфраструктура и

37. **“Управител на инфраструктура”** е јавно или друго правно лице овластено за управување и одржување со железничката инфраструктура.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Член 3

(1) Железничкиот систем во Република Македонија утврден со овој закон се темели врз начелото на одвојување на железничкиот превоз од железничката инфраструктура.

(2) Железничката инфраструктура е добро од општ интерес за Републиката.

(3) Железничката инфраструктура е сопственост на Република Македонија и на неа не можат да се стекнуваат имотни права.

(4) Управувањето, изградбата, реконструкцијата, ремонтот, одржувањето, заштитата на железничката инфраструктура, организирањето и регулирањето на железничкиот сообраќај и раководењето со системите за регулирање и безбедност, како дејности од јавен интерес ги врши Јавното претпријатие за железничка инфраструктура или друго правно лице на начин и под услови утврдени со овој закон.

(5) Железничкиот превоз на патници и стока, за јавни или сопствени потреби го врши правно лице под услови и на начин утврдени со овој закон.

## III. ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРЕВОЗ

Член 4

(1) Железнички превоз е јавен превоз на патници и стока и превоз за сопствени потреби.

(2) Јавниот железнички превоз може да биде меѓународен или внатрешен превоз и се извршува според пазарни услови и врз основа на договор за превоз, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(3) Јавниот железнички превоз на патници може да биде:

- градски превоз - за подрачје на градот,
- приградски превоз - за пошироко подрачје на градот,
- регионален превоз - за подрачја на повеќе општини и
- меѓународен превоз- за подрачје на повеќе држави.

Член 5

(1) Железнички превозник може да биде секое домашно и странско правно лице кое има дозвола за јавен превоз и решение за безбедност.

(2) Превозник, во смисла на овој закон, се смета и меѓународна групација.

### 1. Дозвола за јавен превоз

Член 6

(1) Јавен превоз на патници и стока се врши врз основа на дозвола за јавен превоз.

(2) Дозволата за јавен превоз (во натамошниот текст: дозвола) на писмено барање на домашно правно лице ја издава Агенцијата за железнички сообраќај и транспорт (во натамошниот текст: Агенцијата).

(3) За добивање на дозволата од ставот (1) на овој член, правното лице мора да ги исполнува следниве услови:

1) седиштето на правното лице мора да е на територија на Република Македонија;

2) да е регистрирано во соодветен регистар за вршење на дејноста во железничкиот превоз (со или без влеча на возови или само за влеча на возови);

3) ако не е во тек стечајна постапка;

4) одговорното лице или член на органот на управување на правното лице да не е правосилно осудено или да не му е изречена мерка на безбедност една или повеќе години за кривично дело во јавните финансии, платниот промет и стопанството; кривично дело против општата сигурност на луѓето и имотот, кривични дела против работните односи, избегнување на царински надзор и неплаќање на царина и други давачки кои се плаќаат во царинската постапка во случаи кога превозникот бара дозвола за меѓународен превоз на стока која подлежи на царинска постапка, додека траат последиците од пресудата или изречената мерка на безбедност;

5) финансиски да е способен, односно своите сегашни и идни обврски под нормални услови на работење да може да ги исполнува во период од 12 месеца, што се докажува со документ за економската и финансиската способност издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

6) во работен однос да има стручни работници кои можат да обезбедат висок степен на сигурен превоз со најмалку двајца работници по воз;

7) да располага со квалитетен возен парк и друга соодветна техничка опременост и

8) да е осигуран во осигурително друштво и да приложи писмен доказ за способност за надоместување на евентуалната штета настаната по основа на одговорност во вршењето на неговата дејност кон инфраструктурата, корисниците на превозните услуги, трети лица и околината, во согласност со закон и други прописи, како и со меѓународни договори кои ја обврзуваат Република Македонија.

(4) Условите утврдени со ставот (3) од овој член поблиску ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(5) На секое правно лице кое поднело барање и кое ги исполнува условите од ставот (3) на овој член ќе му се издаде дозвола.

(6) Дозволата од ставот (1) на овој член не е доволен услов за превозникот да има право на пристап на железничка инфраструктура.

(7) Превозникот мора во секое време да ги исполнува условите од ставот (3) на овој член, освен во случаите на членот 8 став (1) и членот 10 став (3) од овој закон.

(8) Начинот на издавање и одземање на дозволата, формата и содржината на образецот на дозволата, формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени дозволи, како и висината на надоместокот за издавање на дозволата ги пропишува Агенцијата.

Член 7

(1) Дозволата се издава со рок на важење од пет години со можност за продолжување на важноста најдолго до 20 години.

(2) Во случај на продолжување на важноста на дозволата согласно со ставот (1) на овој член, превозникот мора да докаже дека и понатаму ги исполнува условите од членот 6 став (3) на овој закон.

(3) За промените во однос на важноста на дозволата, Агенцијата е должна веднаш писмено да ги извести сите држави со кои Република Македонија има склучено меѓународен договор за меѓусебно признавање на дозволи.

Член 8

(1) Ако се утврди дека превозникот не ги исполнува условите од членот 6 став (3) точка 5 на овој закон, под услов да не е загрозена безбедноста на железничкиот превоз, Агенцијата може да му нареди на превозникот да ги отстрани утврдените недостатоци во рок кој не може да биде подолг од шест месеца од денот на приемот на наредбата.

(2) Дозволата се одзема трајно, ако:

1) превозникот престане да ги исполнува било кој од условите од членот 6 став (3), освен условот од членот 6 став (3) точка 5 на овој закон и

2) превозникот во рокот од ставот (1) на овој член не ги отстрани недостатоците

3) во поглед на финансиската способност согласно со ставот (1) на овој член.

Член 9

(1) Ако превозникот не започне со дејноста за која добил дозвола во рок од шест месеца од денот на издавањето на дозволата, или започнал а не ја врши дејноста подолго од шест месеца, Агенцијата му ја одзема дозволата со решение.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член на писмено барање на превозникот, Агенцијата може да одобри прекин на дејноста за период подолг од шест месеца, ако тоа стане неопходно со оглед на околностите и спецификите на превозот кој го извршува превозникот.

(3) Ако превозник чијашто дозвола била одземена согласно со ставот (1) на овој член, поднесе ново барање и докаже дека ги исполнува пропишаните услови, на превозникот може да му се издаде нова дозвола.

Член 10

(1) Превозникот е должен во рок од 30 дена да ги достави на Агенцијата статусните измени, како и секоја промена на фактите и околностите од значење за извршување на дејноста, односно издавање на дозволата.

(2) По приемот на пријавата од ставот (1) на овој член Агенцијата, во зависност од големината и значењето на настанатите промени, одлучува дали превозникот треба да поднесе ново барање за да му биде издадена нова дозвола.

(3) Ако Агенцијата утврди дека промените од ставот (1) на овој член се од такво значење што бараат издавање на нова дозвола, до нејзиното издавање превозникот може да продолжи да ги извршува тие превозни услуги согласно со издадената дозвола, освен во случаи на одземање на претходно издадената дозвола поради загрозување на безбедноста на сообраќајот.

(4) Против решението на Агенцијата за издавање или одземање на дозвола може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина при Владата на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Член 11

(1) На територијата на Република Македонија се признаваат и дозволи издадени на превозници од надлежни органи на други држави во согласност со меѓународните договори за меѓусебно признавање на дозволите.

(2) Во случај на сомнение дека превозникот, кој има дозвола од надлежен орган на друга држава, не ги исполнува условите за вршење на дејноста за која ја добил дозволата, Агенцијата веднаш ќе го извести надлежниот орган на другата држава кој ја издал дозволата.

**2. Услови за безбедност**

Член 12

(1) За извршување на превозот на пругите на железничката мрежа на Република Македонија, покрај дозволата од членот 6 на овој закон, превозникот (домашен и странски) мора да ги исполнува условите за безбедност, поради безбедно извршување на железничкиот сообраќај на одделни железнички пруги или на железничката мрежа.

(2) Исполнувањето на условите за безбедност на домашен и странски превозник се докажува со решение за безбедност кое го донесува Агенцијата, на писмено барање на превозникот.

(3) Решението од ставот (2) на овој член се донесува за период од две години и мора да се обновува секоја втора година, согласно со условите од ставот (4) на овој член.

(4) За да добие решение за безбедност, превозникот мора да ги исполнува следниве услови:

1) техничките услови и условите за сообраќај пропишани за извршување на услуги во железничкиот превоз;

2) персоналот кој е вработен за организирање, управување и/или следење на возовите мора да биде соодветно стручно оспособен за да ги применува сообраќајните правила за безбеден железнички сообраќај;

3) железничките возила кои ќе се користат за извршување на превозот на пругите на железничка мрежа во Република Македонија, мора да ги исполнуваат сите услови за безбедност, со кои се уредува безбедноста на железничкиот сообраќај согласно со Законот за безбедност во железничкиот сообраќај и

4) за заштита од бучава и заштита на животната средина.

(5) Условите од ставот (4) на овој член поблиску ги пропишува министерот за транспорт и врски во согласност со министерот за животна средина и просторно планирање.

(6) Начинот на давање и одземање на решението за безбедност, формата и содржината на образецот на решението, формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени решенија, како и висината на надоместокот за издавање на решението ги пропишува Агенцијата.

(7) Ако при вршење на инспекциски надзор, инспекторот утврди дека настанале околности поради кои имателот на решението за безбедност повеќе не ги исполнува условите од ставот (4) на овој член, Агенцијата со решение ќе го укине решението за безбедност.

(8) Ако при вршење на инспекциски надзор, инспекторот утврди одредени неправилности кои не се од битно значење за безбедноста на железничкиот сообраќај, надлежниот инспектор и други овластени државни службеници со решение ќе наредат нивно отстранување и ќе одредат рок во кој имателот на решението за безбедност е должен да ги отстрани.

(9) Ако имателот на решението за безбедност не ги отстрани утврдените неправилности во предвидениот рок, Агенцијата ќе донесе решение со кое решението за безбедност ќе го укине.

(10) Против решението на Агенцијата од ставовите (2), (7) и (9) на овој член, може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина при Владата на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(11) Жалбата поднесена против решението од ставовите (7) и (9) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

Член 13

Правните лица кои вршат превоз за сопствени потреби мора да имат решение за безбедност, издадено под условите и на начинот утврдени со членот 12 од овој закон.

IV. ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 14

(1) Железничката инфраструктура ги опфаќа: железничките пруги со горен и долен строј, железничките станици, објектите, постројките и уредите на пругите, системи за електрификација, сигнално-сигурносни системи, телекомуникациски и информативни системи во железничкиот сообраќај, зградите, депоата и другите градежни објекти на железничките станици кои се во функција на организирање, регулирање на железнички-

от сообраќај и одржување на инфраструктурата, земјиштето кое функционално припаѓа на и под пругата и објектите на железничкиот пружен појас, како и воздушниот простор над пругата во висина од 12 м, односно 14 м над горната ивица на шината кај далноводи со напон преку 220 КВ.

(2) Составните делови на железничката инфраструктура од ставот (1) на овој член, подетално ќе ги пропише министерот за транспорт и врски.

### 1. Управување со железничката инфраструктура

Член 15

(1) Управувањето со железничката инфраструктура е дејност од јавен интерес.

(2) Дејноста од ставот (1) на овој член ја врши управителот на инфраструктурата.

(3) Управителот на инфраструктурата:

- го организира и регулира железничкиот сообраќај,
- обезбедува пристап и користење на железничката инфраструктура на сите превозници за железнички превозници кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон,
- го организира јавниот превоз и превозот за сопствени потреби,
- планира изградба, реконструкција, ремонт, одржување и заштита на железничката инфраструктура,
- врши модернизација, одржување и заштита на железничката инфраструктура, пружните возила и машини,
- презема мерки за заштита од бучава и заштита на животната средина и
- врши и други активности што се во функција на дејноста.

(4) За управување со железничката инфраструктура, управителот на инфраструктурата, мора да има дозвола за управување со железничка инфраструктура и решение за безбедност за управување со железничката инфраструктура.

(5) За да добие дозвола за управување со железничката инфраструктура, управителот на инфраструктурата мора да ги исполнува условите од членот 6 став (3) точки 1, 3, 4 и 5 на овој закон.

(6) Јавното претпријатие за железничка инфраструктура од членот 3 став (4) на овој закон се смета дека ги исполнува условите од ставот (5) на овој член.

(7) За да добие решение за безбедност за управување со железничката инфраструктура, управителот на инфраструктурата мора:

- да ги исполнува соодветните технички услови и условите за организирање и регулирање на железничкиот сообраќај,
- железничката инфраструктура со која управува да ги задоволува пропишаните услови со Законот за безбедност на железничкиот сообраќај и другите прописи и
- вработениот персонал да ги исполнува условите во поглед на способноста за организирање и регулирање на железничкиот сообраќај, како и за изградба, реконструкција, ремонт, модернизација и одржување на железничката инфраструктура.

(8) Условите од ставот (7) на овој член поблиску ги пропишува министерот за транспорт и врски во согласност со министерот за животна средина и просторно планирање.

(9) Образецот на дозволата и образецот на решението за безбедност од ставот (4) на овој член, како и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени дозволи и решенија од ставот (4) на овој член, поблиску ги пропишува Агенцијата.

Член 16

Управителот на инфраструктурата може да остварува меѓународна соработка, да членува во специјализирани меѓународни организации и може да отвори претставништва во странство.

Член 17

(1) Управителот на инфраструктурата е должен да обезбеди постојан, непрекинат и квалитетен пристап на железничката инфраструктура и другите средства за работа во железничкиот сообраќај, како и организирање и регулирање на безбеден железнички сообраќај. Управителот може дел од своите работи да ги даде да ги извршуваат други извршители, ако смета дека тоа е технички и финансиски оправдано. За давањето на работите на други изведувачи, управителот ја известува Агенцијата.

(2) Управителот на инфраструктурата може да го прекине пристапот на железничката инфраструктура или на дел од железничката инфраструктура, поради нерентабилност.

(3) Железничката пруга или нејзин дел на кој поради нерентабилност ќе се прекине пристапот од ставот (2) на овој член, управителот на инфраструктурата може да ја преуреди во манипулативна пруга и за други намени и да ги пропише условите за користење.

(4) Согласност за прекинот на пристапот од ставот (2) на овој член и за преуредување на железничката во манипулативна пруга и пруга за друга намена дава министерот за транспорт и врски.

(5) Управителот на инфраструктурата е должен да им достави решение за прекин на пристапот од ставот (2) на овој член, на железничките превозници, најдоцна шест месеца пред датумот предвиден за прекин на превозот.

(6) Управителот на инфраструктурата, при вршењето на дејноста, е должен да се грижи за заштита на животната средина и природата во согласност со Законот за животната средина и другите прописи од областа на животната средина.

(7) Управителот на инфраструктурата е одговорен за штетата која ќе се направи на корисниците на превозот, железнички превозници и на другите правни и физички лица заради неизвршување на обврските од ставот (4) на овој член според општите прописи за надомест на штета.

### 2. Изградба, реконструкција и ремонт на железничката инфраструктура

Член 18

(1) Под изградба на железничката инфраструктура, во смисла на овој закон, се смета изградба на нова железничка пруга на нова траса, како и изградба на телекомуникациони, сигнално-сигурносни, електро-влечни, електро-енергетски и други постројки и уреди, згради и објекти на нова пруга и на постојните пруги.

(2) Одредбите од овој закон, со кои се уредува изградбата на железничката инфраструктура, важат и за реконструкцијата на железничката инфраструктура.

(3) Железничката инфраструктура се проектира, гради, реконструира, ремонтира, опремува и одржува, така што да одговара на својата намена, потребите за безбедноста на сообраќајот и заштитата на животната средина и природата, во согласност со овој закон и другите прописи, како и утврдената превозна и пропусна моќ на железничката пруга, брзината на возовите, осното оптоварување и масата на товарните возила по должински метар.

(4) Железничките пруги што служат за меѓународен сообраќај мора да ги исполнуваат условите утврдени со меѓународните договори кои ја обврзуваат Република Македонија.

Член 19

(1) Железничката инфраструктура се проектира и гради врз основа на условите утврдени со овој закон, поблиските прописи донесени врз основа на овој закон, како и нормативите и стандардите кои се однесуваат на железничката инфраструктура.

(2) Нормативите и стандардите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски, во согласност со министерот за животна средина и просторно планирање.

Член 20

(1) При изградба или реконструкција на железничка пруга, инвеститорот е должен на свој трошок да ги измести инсталациите (цевководи, водоводи, електрични телефонски и телеграфски воздушни линии, подземни кабли и други слични инсталации и уреди), односно да ги прилагоди кон настанатите промени.

(2) Инвеститорот е должен во рок од 60 дена пред денот на отпочнување на работите да ги извести имателите на инсталациите.

(3) Инвеститорот е должен да му овозможи на имателот на инсталациите увид во документацијата потребна за изместување на инсталациите.

Член 21

(1) Железничките пруги, според намената и обемот на сообраќајот, стопанското значење или значењето што го имаат за внатрешниот и меѓународниот сообраќај, се главни железнички пруги и други пруги.

(2) Владата на Република Македонија на предлог на министерот за транспорт и врски ја утврдува мрежата на главни железнички пруги и другите железнички пруги, нивната класификација, како и ознаките.

(3) Главни железнички пруги се пругите што се распоредени во меѓународната железничка мрежа на европските пруги и по која минуваат повеќе од 30.000 воза годишно.

(4) Другите железнички пруги, освен главните, се пругите што не се опфатени во мрежата на магистралните железнички пруги.

(5) Управителот на инфраструктурата и другите правни лица се должни за железничките пруги и постројките, објектите и уредите на пругата да водат евиденција и други технички податоци што се од значење за безбедноста на железничкиот сообраќај.

(6) Начинот на водење на евиденцијата од ставот (5) на овој член го пропишува министрот за транспорт и врски.

Член 22

(1) За време на и по комплетната или делумна изградба или реконструкција на железничките пруги и постројките, објектите и уредите на пругата во целост и во фаза во која можат да се вклучат во сообраќај се врши технички преглед со кој се утврдува дали ги исполнуваат пропишаните услови, техничките нормативи и другите услови што мораат да ги исполнуваат во поглед на техничко-технолошкото единство во железничкиот сообраќај.

(2) Техничкиот преглед на железничките пруги и постројки, објектите и уредите на пругата го врши Министерството за транспорт и врски.

(3) Железничките пруги и постројките, објектите и уредите на пругите можат да се предадат во употреба само врз основа на решение издадено од министерот за транспорт и врски.

Член 23

Меѓусебното вкрстување на железничките пруги и вкрстосувањето на железничката пруга со друг вид на пруга (со пруга на индустриска железница, со индустриски колосек, со трамвајска пруга и слично) вообичаено мора да биде на различни нивоа, освен ако со одвојувањето на ниво се покаже како нееkономично и ако со тоа не се нарушува безбедноста на железничкиот сообраќај.

Член 24

(1) Ако дел од железничката пруга треба да се измести заради градење на друг објект (јавен пат, аеродром, хидроакумулација, енергетски објекти, рудник и слично) делот на железничката пруга кој се изместува мора да биде изграден со елементи кои одговараат на таа категорија на железничката пруга без оглед на стварната состојба во која се наоѓала во моментот на изместување.

(2) Трошоците за изместувањето на делот од железничката пруга од ставот (1) на овој член ги сноси инвеститорот на објектот заради чија изградба се врши изместување на железничката пруга.

Член 25

Ако до вкрстување на железничка пруга и јавен пат, односно некатегоризиран пат дојде поради изградба на нова железничка пруга или по барање на општината, односно градот Скопје и друго правно лице, трошоците за изградба за надвозници, подвозници, односно патен премин, трошоците за поставување на уредите и направите и другите трошоци за обезбедување на безбеден и непречен сообраќај на патниот премин ги сноси инвеститорот на новата железничка пруга.

Член 26

(1) Изведување на работите на ремонт на железничката пруга се врши врз основа на техничка документација при што треба да се обезбеди ремонт на железничката пруга најмалку на ниво на стандарди и норми со кои истата е проектирана.

(2) Согласност на техничката документација за изведување на ремонт на железничката пруга дава министерот за транспорт и врски.

(3) Начинот, динамиката и условите на ремонтот на железничката пруга ги определува управителот на инфраструктурата.

(4) Техничкиот преглед на изведените работи при ремонт на железничка пруга го врши Министерството за транспорт и врски.

(5) Изведените работи на ремонтот на железничката пруга можат да се предадат во употреба, само врз основа на решение издадено од министерот за транспорт и врски.

### 3. Одржување

Член 27

(1) Железничките пруги и постројките, објектите и уредите мораат да се одржуваат (тековно и инвестиционо) во состојба што обезбедува безбеден сообраќај и да бидат редовно прегледувани.

(2) Управителот на инфраструктурата и другите правни лица што вршат одржување, контрола и редовни прегледи на железничките пруги, на постројките, објектите и уредите на нив мораат да ги исполнуваат условите од членот 6 став (3) точки 1, 3, 4 и 5 на овој закон, за вршење на тие работи, како и да ги исполнуваат условите за техничките инсталации и процедури за одржување согласно дозволените нивоа на бучава во однос на заштита на животната средина пропишани согласно со прописите за заштита од бучава.

(3) Начинот на одржувањето, контролата и повремените прегледи на железничките пруги и на постројките, објектите и уредите, што треба да ги исполнува управителот на инфраструктурата и другите правни лица на кои им е доверено вршењето на работите од ставот (2) на овој член, со акти поблиску ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 28

(1) На местата на вкрстосување на категоризиран и некатегоризиран јавен пат со железничка пруга, одржувањето на колосекот, другите постројки и уреди што му служат на железничката пруга, коловозот на патот на растојание од 3 метра од осовината на колосекот од двете страни на патниот премин, сообраќајната сигнализација на железничката пруга и патот, поставувањето и одржувањето на направите и уредите што им служат на патот и на железничката пруга, како и обезбедување на прегледноста на патниот премин го врши управителот на железничката инфраструктура.

(2) Одржувањето на другите делови од патот на растојание поголемо од 3 метра од осовината на колосекот, од двете страни на патниот премин и сигнализацијата на патот ги одржува правното лице кое управува со патот на начин кој овозможува безбеден и непречен железнички сообраќај.

Член 29

(1) Средствата за покривање на трошоците од членот 28 став (1) на овој закон се обезбедуваат од надлежната институција за изградба и одржување на магистрални и регионални патишта на Република Македонија согласно со годишна програма за опремување, одржување и заштита на патните премини, што ја донесува управителот на инфраструктурата согласно со овој закон и Законот за јавните патишта.

(2) Трошоците за одржување на другите делови на патот од членот 28 став (2) на овој закон ги обезбедува правното лице кое управува со патот.

Член 30

(1) Ако правно лице користи исклучително или претежно некатегоризиран пат, трошоците за одржување на коловозот и обезбедување на безбеден и непречен сообраќај на патниот премин се на товар на правното лице.

(2) Ако индустриски колосек или индустриска пруга се вкрстува со улица во населено место, трошоците за одржување на коловозот и обезбедување на безбеден и непречен сообраќај се на товар на сопственикот на индустрискиот колосек или индустриската пруга.

Член 31

(1) Ако патниот премин се заменува со надвозник, односно подвозник или се укинува поради пренасочување на патниот сообраќај, трошоците за извршената измена заради тоа на железничката пруга и патот, ако поинаку не е договорено, се на товар на:

1) управителот на инфраструктурата, ако таа промена е условена претежно за потребите на железничкиот сообраќај;

2) правното лице кое управува со патот, ако таа промена е претежно условена за потребите на патниот сообраќај и

3) правното лице кое исклучително го користи патот.

(2) Во случаи на сите други промени, во врска со вкрстувањето, вклучувајќи го прилагодувањето и подобрувањето на безбедноста, трошоците за измена на железничката пруга и патот се на товар на управителот на инфраструктурата, односно правното лице кое управува со патот подеднакво, на потребите на железничкиот и патниот сообраќај кои ги условиле тие промени, доколку поинаку не е договорено.

**4. Заштита на железничката инфраструктура**

Член 32

(1) Работите на заштитата на железничките пруги, објектите, уредите, постројките, опремата и други работи за заштита, ги врши управителот на инфраструктурата.

(2) Под работи на заштита од ставот (1) на овој член се смета преземање мерки потребни за спречување на недозволени дејствија и отстранување на последиците од недозволено извршените дејствија на железничката пруга, во трупот на железничката пруга, пружниот и заштитниот појас, на објектите, постројките, опремата на пружниот и заштитниот појас и друго, како и поведување постапка за враќање на узурпирано земјиште од пружниот појас пред надлежен орган.

(3) За недозволените дејствија што се изведуваат во трупот на железничката пруга, пружниот и заштитниот појас, се известува Државниот инспекторат за транспорт.

(4) Извршителот на недозволените дејствија по наредба на инспекторот за железничка инфраструктура е должен веднаш да ги отстрани последиците од недозволено извршените дејствија.

(5) Доколку последиците од недозволените дејствија не бидат отстранети од извршителот, на сметка на извршителот од ставот (4) на овој член ќе ги отстрани управителот на инфраструктурата.

(6) Начинот на вршење на работите на заштитата на железничката инфраструктура го пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 33

(1) Телефонски, телеграфски и други кабловски водови, ниско напонски електрични водови, односно водови за напојување, канализација, водоводи, топловоди, цевководи и други слични уреди можат да се поставуваат во пружен и заштитен појас по поднесено барање од страна на правно или физичко лице и само под услови и на начин утврдени со согласност што ја издава управителот на инфраструктурата.

(2) Трошоците од ставот (1) на овој член се на товар на подносителот на барањето.

(3) Управителот на инфраструктурата може да побара од сопственикот на инсталациите и уредите од ставот (1) на овој член, да ги преуреди или премести кога тоа е потребно заради обновување или реконструкција, ремонт на железничката инфраструктура или заради спроведување на мерки за заштита на железничката инфраструктура и железничкиот сообраќај.

(4) Трошоците за преуредување или преместување на инсталациите ги сноси сопственикот на инсталациите.

(5) Управителот на инфраструктура може да го одбие барањето за издавање согласност од ставот (1) на овој член, ако со нивното поставување би се оштетила железничката инфраструктура или би била загрозена безбедноста на железничкиот сообраќај, ако поставувањето битно влијае на одржувањето на железничката инфраструктура или би била оневозможена нејзина реконструкција.

Член 34

Работите на заштита на железничките пруги и објектите на нив, како и за редовноста и безбедноста на сообраќајот или други активности на железничката пруга, пружниот и заштитниот појас можат да се вршат во согласност со управителот на инфраструктурата.

Член 35

(1) Во заштитниот појас на железничката пруга можат да се градат згради и други објекти и да се поставуват постројки и уреди врз основа на одобрение под следниве услови:

1) во населени места, планински или мочуришни терени, или други места, каде што теренските услови го бараат тоа, може да се одобри отворање на рудници, каменоломи, изградба на објекти за производство на вар, тули, подигање индустриски згради, постројки и други слични објекти во заштитниот појас покрај железничката пруга, ако земјиштето на кое се наоѓаат овие постројки се наоѓа на подрачјето кое органот на општината го определил за изградба на објекти и постројки, но не поблиску од 50 метра сметајќи од оската на крајните колосеци;

2) во населени места и на земјиштето од точката 1 на овој став, може да се одобри изградба на станбени, деловни, помошни и слични згради, копање бунари, резервоари, септички јами и слично, подигање електрични далноводи во заштитниот појас покрај железничката пруга, но не поблиску од 25 метра сметајќи од оската на крајните колосеци и

3) во пружниот и заштитниот појас и на објектите на железничката инфраструктура можат да се поставуваат натписи и рекламни паноа на оддалеченост од најмалку 7 метра од крајната точка на пружниот појас, со претходно одобрение од управителот на инфраструктурата.

(2) Одобрението од ставот (1) на овој член го издава управителот на инфраструктурата.

(3) Трошоците за издавање на согласноста од членот 33 став (1) на овој закон и одобрението од ставот (2) на овој член, ги сноси подносителот на барањето.

(4) Одредбите од овој член за изградба на објекти во заштитниот појас не се однесуваат на населените места од градски карактер, за кои постојат урбанистички планови или урбанистички проект согласно со закон.

Член 36

(1) Управителот на инфраструктурата е должен на местата на одронување, на местата на порои, места изложени на речна ерозија и на местата изложени на завејување од силни ветрови, на кои може да дојде до попречување или до загрозување на железничкиот сообраќај, самостојно или заедно со друго правно лице, навреме да ги преземат потребните мерки на техничка и физичка заштита на железничките пруги и на објектите на пругата од елементарни непогоди заради обезбедување безбедно одвивање на железничкиот сообраќај.

(2) Управителот на инфраструктурата во случаите од ставот (1) на овој член може без одобрение да поставува и одржува привремени заштитни направи и привремено да сместува материјал и други средства во заштитниот пружен појас, ако е тоа потребно заради преземање мерки за обезбедување на безбедно одвивање на железничкиот сообраќај, односно за воспоставување на железничкиот сообраќај.

(3) Кога ќе престанат причините од ставот (1) на овој член, управителот на инфраструктурата е должен од заштитниот пружен појас да ги отстрани привремените заштитни направи, материјалот и другите средства што ги оставиле при преземањето на мерките за обезбедување безбеден сообраќај, односно за воспоставување на железничкиот сообраќај, да ја воспостави поранешната состојба и да плати надомест за користење на земјиштето.

Член 37

(1) На местата каде што железничката пруга поминува низ шуми или покрај шуми, односно земјиште засадено со земјоделски култури кои се лесно запаливи, управувачот на шумата или земјиштето е должен да преземе пропишани мерки за заштита од пожар на железничкиот пружен појас, како и мерки за заштита од пожар на железничките возила.

(2) Корисниците, односно сопствениците на шуми и земјиште од ставот (1) на овој член, се должни во појас во ширина од 10 метра во шуми да ги отстрануваат сувите дрвја, грмушки и лисја, а во појас во ширина од 5 метра на друго земјиште навремено да ги отстрануваат сувите и запаливи растенија и да преземат други мерки за заштита од пожар.

Член 38

При чистење на снег од надвозници над електрифицирани железнички пруги мора да се обезбеди механичка заштита од обрушување на снегот на контактната мрежа.

Член 39

(1) Во пружниот појас може да се градат само објекти и постројки кои служат на железничката инфраструктура.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член во пружниот појас можат со претходна согласност од управителот на инфраструктурата да се градат објекти и постројки на други правни лица што служат за товарање или истоварање на стоки за превоз во железничкиот сообраќај.

(3) Управителот на инфраструктурата води евиденција за: состојбите на железничките пруги, геометриските карактеристики на пругата и пружниот појас, земјишниот катастар, карактеристиките на теренот од интерес за заштита на пругата, инсталациите во и на трупот на пругата и пружниот појас, опремата на пругата и пружниот појас, опремата на пругата со сообраќајната сигнализација, телекомуникациските уреди, контактната мрежа, заштитните огради, патните премини и други податоци, како и за промена на овие податоци.

(4) Начинот на водење на евиденцијата и користењето на податоците од ставот (3) на овој член, со акти ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**5. Индустриска железница и индустриски колосек**

Член 40

(1) Одредбите од овој закон за изградба, реконструкција, ремонт, одржување и заштита на железничката инфраструктура се однесуваат и за индустриска железница и индустриски колосек.

(2) Пругата на индустриска железница или индустриски колосек може да биде приклучена на железничката инфраструктура.

(3) Правно или физичко лице може да има индустриски колосек приклучен на железничката инфраструктура, како и индустриски колосеци, постројки, уреди и објекти на тие колосеци, железнички возни средства и други средства изградени по посебни нормативи и стандарди.

(4) Приклучувањето на индустриска железница од ставот (2) на овој член и индустриски колосеци од ставот (3) на овој член се уредува со договор меѓу управителот на инфраструктурата и претпријатието, правното или физичко лице чијашто индустриска железница, односно индустриски колосек е приклучен.

(5) Правно или физичко лице сопственик на индустрискиот колосек е должен да донесе акт за условите на изградба, реконструкција, ремонт, одржување и заштита на индустрискиот колосек, железничките возни средства и други средства изградени по посебни технички нормативи и стандарди, како и за организирање и регулирање на железничкиот сообраќај на индустрискиот колосек, со претходно обезбедено одобрение од Министерството за транспорт и врски.

**6. Пристап на железничката инфраструктура**

Член 41

(1) Превозник кој има дозвола за јавен превоз и решение за безбедност, може да врши услуги во јавниот превоз на железничката инфраструктура, под услов да му е обезбеден пристап до неа.

(2) Пристап на железничката инфраструктура на превозниците кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон, одобрува управителот на инфраструктурата.

(3) За пристап на железничката инфраструктура, превозниците склучуваат договор со управителот на инфраструктурата.

(4) Договорот за пристап на железничката инфраструктура мора да биде недискриминаторски и во согласност со одредбите од овој закон.

(5) Со договорот за пристап на железничката инфраструктура од ставот (3) на овој член се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу превозниците и управителот на инфраструктурата во однос на доделените инфраструктурни капацитети, висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура, времето на траењето на договорот и можностите за негово продолжување, како и други прашања во врска со безбедноста на превозот и заштитата на околината.

### 7. Надоместок за користење на железничката инфраструктура

Член 42

(1) За користење на железничката инфраструктура превозникот плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја одредува и наплаќа управителот на инфраструктурата.

(2) На висината на надоместокот од ставот (1) на овој член согласност дава Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за транспорт и врски.

(3) Средствата од наплата на надоместокот се приход на управителот на инфраструктурата.

(4) Критериумите за одредување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура мораат да бидат еднакви за сите превозници и недискриминаторски.

(5) Управителот на инфраструктурата може спогодбено со управителите на инфраструктурата на други држави да утврди заедничка рамка за одредување на надоместокот, почитувајќи ја независноста на управување со инфраструктурата од страна на управителот.

(6) Висината на надоместокот за користењето на инфраструктурата се утврдува врз основа на остварените километри на возот, составот на возот, масата и брзината на возот, осното оптоварување, времето на користење на инфраструктурата и други посебни барања.

(7) Управителот на инфраструктурата е должен при одредувањето на надоместокот за користење на инфраструктурата да примени таков начин на пресметување со кој на различните носители на дозволи кои извршуваат услуги од ист вид, ќе им обезбеди еднаков и недискриминаторски надоместок.

### 8. Распределба на инфраструктурните капацитети

Член 43

(1) Барање за доделување на инфраструктурен капацитет можат да поднесат превозниците и меѓународните групации (во натамошниот текст: подносители на барање).

(2) Условите кои мораат да ги исполнуваат подносителите на барањата за доделување на инфраструктурен капацитет ги одредува управителот на инфраструктурата и истите мораат да бидат соодветни, јасно одредени транспарентни и недискриминаторски.

(3) Со условите од ставот (2) на овој член треба да бидат остварени очекуваните приходи од користењето на инфраструктурните капацитети.

(4) Условите од ставот (2) на овој член се утврдуваат во објава на мрежата што го издава управителот на инфраструктурата како дел од принципите за распределба на инфраструктурните капацитети.

(5) Распределбата на инфраструктурните капацитети ја врши управителот на инфраструктурата, имајќи го предвид видот и обемот на превозот, искористеноста на железничката инфраструктура, финансиските и деловните способности на превозникот, дополнителните услуги што ги дава управителот во врска со вршењето на превозот на инфраструктурниот капацитет, како и дејноста од јавен интерес во јавниот превоз.

(6) Доделениот инфраструктурен капацитет, превозникот не смее да го пренесе на друг превозник.

(7) Со инфраструктурните капацитети не смее да се врши трговија.

(8) Право на користење на инфраструктурните капацитети во вид на траса на воз се одобрува на подносителите на барањето по правило еднаш годишно и тоа во периодот на важење на еден возен ред. Во случај на вонредни барања на превозникот за доделување на капацитет во време на важење на возниот ред (ад хоц), управителот на инфраструктурата може да ги исполни таквите барања под услов да располага со доволно слободни капацитети, по принципот "прв дојден - прв користен".

(9) Управителот на инфраструктурата и подносителите на барањето можат да склучат рамковен договор за користење на капацитетите на соодветната железничка инфраструктура и на рок подолг од периодот на важење на еден возен ред, под услов таквиот договор да не го исклучува однапред користењето на соодветната инфраструктура од страна на другите подносители на барање и за други услуги.

(10) Управителот на инфраструктура може со други управители на инфраструктура меѓусебно да се договори и да одреди рамка и постапка на распределба на инфраструктурни капацитети, истовремено почитувајќи ја независноста на управување со инфраструктурата од страна на управителот на инфраструктурата.

(11) При распределба на инфраструктурни капацитети на повеќе од една мрежа, управителот на инфраструктурата мора да соработува со управителите на инфраструктура на други држави за да се овозможи рамноправно учество и распределба на инфраструктурни капацитети, заради организирање на меѓународни траси на возови.

(12) Подносителите на барањата можат да поднесат барање за доделување инфраструктурни капацитети кои поминуваат низ повеќе од една железничка мрежа.

(13) Барањето од ставот (12) на овој член се поднесува на еден од управителите на инфрасткруктура, а кој во име на подносителот на барањето е овластен да ги побара капацитетите на инфраструктурата од другите управители на инфраструктурата на кои се однесува барањето.

### 9. Објава на мрежа

Член 44

(1) Управителот на инфраструктурата донесува и објавува објава на мрежа на веб страница без надоместок.

(2) Објавата на мрежата се објавува јавно на веб страница или во најмалку два весника најдоцна четири месеца пред крајниот рок за поднесување на барањето за доделување на инфраструктурните капацитети, утврден од страна на управителот на инфраструктурата.

(3) Задолжителната содржина на секоја објава на мрежа се состои од преглед на железничката инфраструктура која е на располагање на превозниците, информации за условите за пристап на предметната железничка инфраструктура и распределбата на капацитетите, принципите на одредување на надоместокот за користење на железничката инфраструктура, како и правилата на приоритет во случај на преоптеретеност на железничка инфраструктура .

(4) Објавата на мрежа мора редовно да се дополнува со нови податоци, а по потреба може и да се менува. Секоја измена и дополна на објавата на мрежата се објавува на веб страницата на управителот на инфраструктурата или во најмалку два дневни весника.

### 10. Постапка на усогласување на распределбата на инфраструктурните капацитети

Член 45

(1) При распределбата на инфраструктурните капацитети управителот на инфраструктурата е должен, ако за тоа постои можност, да ги исполни сите барања за инфраструктурните капацитети вклучувајќи ги и железничките правци кои не поминуваат само низ една железничка мрежа.

(2) Во случај на преоптеретеност на инфраструктурата, управителот на инфраструктурата може во постапката на распределба на капацитетите и усогласувањата со возниот ред, врз основа на анализа на капацитетите да ги одреди приоритетите при распределбата. Управителот на инфраструктурата со предлог на возниот ред е должен да ги запознае сите заинтересирани превозници и од нив да бара писмено да се произнесат по предлогот.

(3) Рокот за произнесувањето по предлогот на возниот ред не може да биде подолг од еден месец од денот на доставувањето. При усогласувањето на предлогот на возниот ред со барањата на заинтересираните превозници, управителот на инфраструктурата има право да предложи друг инфраструктурен капацитет различен од побараниот.

### 11. Возен ред

Член 46

(1) Превозот на патници и стоки се врши во согласност со возен ред однапред утврден од управителот на инфраструктурата.

(2) Возниот ред за јавен превоз на патници и неговите измени се објавуваат во средствата за јавно информирање или на друг начин пред неговото влегување во сила.

(3) Превозниците кои вршат јавен превоз се должни да се придржуваат на објавениот возен ред кој е во сила, освен во случај на промените на сообраќајот кои се настанати поради елементарни непогоди и железнички несреќи, при што е настанато поголемо оштетување на железничката инфраструктура.

### 12. Регулаторно тело

Член 47

За обезбедување на отворено и недискриминаторно вршење на дејностите во железничкиот превоз, кои се вршат како услуги во јавниот превоз со посебен закон ќе се основа Агенција за железнички сообраќај и транспорт како регулаторно тело.

### 13. Планирање на изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура

Член 48

(1) Плановите за изградба на нова пруга, како и реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на постојната железничка инфраструктура, се уредуваат со praveстувачка и динамичка национална програма за железничка инфраструктура која се донесува за период од пет години (во натамошниот текст: национална програма).

(2) Националната програма од ставот (1) на овој член ја донесува Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија, по донесување на Фискалната стратегија на Република Македонија.

(3) Националната програма од ставот (1) на овој член на предлог на Владата на Република Македонија ја ревидира секоја година Собранието на Република Македонија со изземање на изминатата година и додавање на една година повеќе.

(4) Со националната програма се утврдуваат најважните задачи за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура, нивната големина, динамика на реализација на приоритетите, како и висината и изворите на финансиските средства потребни за извршување на задачите.

(5) На утврдувањето на висината на буџетското финансирање на плановите од ставот (1) на овој член, соодветно се применуваат прописите кои се однесуваат на изготвување на годишниот Буџет на Република Македонија.

(6) Врз основа на усвоената национална програма од ставот (1) на овој член управителот на инфраструктурата, со согласност на министерот за транспорт и врски, изработува годишен план за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура, чија изработка мора да биде временски усогласена со роковите за изработка и донесување на Буџетот на Република Македонија.

(7) За остварување на годишниот план од ставот (6) на овој член, министерот за транспорт и врски врз основа на извештајот на управителот на инфраструктурата, поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

### 14. Концесија

Член 49

(1) Концесија може да се даде за:

1) изградба на нова железничка инфраструктура и

2) управување со дел или со целата постојна железничка инфраструктура согласно со овој закон.

(2) Концесијата за управување со дел од постоечката железничка инфраструктура се дава на предлог на министерот за транспорт и врски или на предлог на управителот на инфраструктурата одобрен од министерот за транспорт и врски кога оваа концесија е економски оправдана.

(3) Концесијата може да се даде на домашно и странско правно и физичко лице (концесионер), кои имаат капитал и кои располагаат со кадровски потенцијал и опрема за успешно извршување на работите кои се предмет на концесијата.

(4) За доделување концесија од ставот (1) точка 2 на овој член, подносителот на барањето за концесија мора да има дозвола за управување со железничката инфраструктура и решение за безбедност.

(5) Одлука за давање на концесија од ставот (1) на овој член донесува Владата на Република Македонија.

(6) Давањето на концесија се врши во согласност со овој закон и Законот за концесии.

(7) За доделената концесија се плаќа надоместок во висина и на начин утврден согласно со Законот за концесии.

Член 50

(1) Концесијата за изградба на нова железничка инфраструктура се дава на рок кој не може да биде подолг од 50 години од денот на доделувањето на концесијата.

(2) Концесијата за управување на дел од постоечката инфраструктура се дава на рок кој не може да биде подолг од 20 години од денот на доделувањето на концесијата.

Член 51

(1) Меѓусебните права и обврски на Владата на Република Македонија и концесионерите се уредуваат со договор за концесија.

(2) Со договорот од ставот (1) на овој член, покрај другото, се определуваат условите под кои се користи концесијата, начинот на плаќање и висината на надоместокот.

Член 52

Концесионерот е должен железничката пруга или објект на пругата да ги проектира, изгради и даде во употреба, односно да ги користи согласно со прописите, нормативите и стандардите за ваков вид објекти во Република Македонија.

Член 53

Правата и обврските утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во однос на одржувањето, заштитата и надзорот на железничката инфраструктура и спроведувањето на мерките за безбедност на железничкиот сообраќај важат и за концесионерот.

Член 54

Концесијата престанува да важи на начин и под услови предвидени во Законот за концесии и други случаи предвидени со договорот за концесија.

**15. Одземање на статусот на добро од општ интерес за Републиката**

Член 55

(1) На делот на железничката инфраструктура за кој не постои општ интерес и интерес за корисниците на услугите во јавниот превоз или на кој трајно престанал јавниот превоз, може да му се одземе статусот на добро од општ интерес за Републиката.

(2) Одлука за траен престанок на јавниот превоз и одземањето на статусот на добро од општ интерес од ставот (1) на овој член, на предлог на Владата на Република Македонија, донесува Собранието на Република Македонија.

(3) Владата на Република Македонија може делот на железничката инфраструктура, на кој е одземен статусот на добро од општ интерес од ставот (1) на овој член, да го пренесе на друг корисник или да го овласти управителот на инфраструктурата за преземање правни работи за неговиот натамошен статус и намена под услови утврдени со одлуката од ставот (2) на овој член.

**16. Финансирање на железничката инфраструктура**

Член 56

(1) Финансирањето на железничката инфраструктура се врши согласно со годишниот план од членот 48 став (6) на овој закон.

(2) Средствата за финансирање на изградба на железничката инфраструктура се обезбедуваат од:

1) средства од Буџетот на Република Македонија за тековната година;

2) кредити и заеми и

3) други извори.

(3) Средствата за финансирање на реконструкцијата, ремонтот, одржувањето и заштитата на железничката инфраструктура се обезбедуваат од:

1) надоместок за користење на железничка инфраструктура;

2) средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија во износ од најмалку 0,3% од планираните даночни приходи во централниот буџет на Република Македонија за тековната година;

3) буџетите на единиците на локалната самоуправа за финансирање на услуги од јавен интерес во железничката инфраструктура;

4) дел од вложување на домашни и странски лица и

5) средства од други извори.

(4) Намената на средствата и начинот на нивното користење се утврдуваат со годишниот план од членот 48 став (6) на овој закон.

V. УСЛУГИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

Член 57

(1) Со цел да се оствари јавен интерес, во железничкиот превоз на патници во Република Македонија каде што приходот остварен од транспортните услуги не може да ги покрие трошоците, како и за да се зголеми способноста на превозниците во железничкиот превоз на патници да бидат конкурентни со другите видови на превоз, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за транспорт и врски, ќе ги определи таквите услуги.

(2) За остварување на јавниот интерес од ставот (1) на овој член на подрачјето на единиците на локалната самоуправа, советите на единиците на локалната самоуправа можат да ги определат таквите услуги, за што го известуваат Министерството за транспорт и врски.

(3) Обезбедување на средствата за намената од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се изврши од Буџетот на Република Македонија и/или буџетите на единиците на локалната самоуправа според следниве критериуми:

- постоење на јавен интерес,

- достапност на друг вид на сообраќај,

- политика на државата во однос на цената на билети за патнички железнички превоз и

- вложувања во безбедноста на железничкиот сообраќај.

Член 58

(1) Министерството за транспорт и врски, преку јавен конкурс согласно со Законот за јавните набавки, го избира превозникот кој ќе ги извршува услугите од членот 57 на овој закон.

(2) Избраниот превозник склучува договор за период од најмалку пет години со Владата на Република Македонија или градоначалниците на општините, односно градоначалникот на градот Скопје. Договорот ќе му обезбеди на избраниот превозник компензација на трошоците врз основа на пресметки утврдени со договорот.

Член 59

Средствата за надоместок на дел од трошоците на превозници од членот 58 на овој закон, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетот на единиците на локалната самоуправа.

VI. ДОЛЖНОСТИ НА ШТРАЈКУВАЧКИОТ ОДБОР И РАБОТНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ШТРАЈК

Член 60

(1) Во правното лице кое врши јавен превоз и во правното лице управител на инфраструктура, за време на штрајк, штрајкувачкиот одбор и работниците кои учествуваат во штрајкот се должни да обезбедат неопходно ниво на процесот на работа со кое нема да се загрози животот, здравјето, економската и социјалната сигурност на граѓаните и неопходното вршење на стопанските и други дејности во Република Македонија, односно за време на штрајк мораат да сообраќаат следниве возови кои:

- превезуваат животни,

- превезуват свежи производи,

- превезуваат опасни материи и предмети,

- сообраќаат во меѓународниот сообраќај,

- превезуваат суровини, репроматеријали и погонски материјали кои се неопходни за одвивање на стопанските и други дејности на земјата и

- превезуваат патници во локалниот патнички сообраќај на сите релации и тоа по еден пар возови.

(2) Штрајкувачкиот одбор и раководното лице на управителот на инфраструктурата и раководното лице на превозникот ги одредуваат работниците кои ќе ги извршуваат работите од ставот (1) на овој член.

(3) Необезбедувањето на неопходното ниво на процесот на работа, во смисол на овој член, претставува потешка повреда на работната обврска.

VII. НАДЗОР

Член 61

Надзор над законитоста на работата на управителот на инфраструктурата и превозниците и другите правни лица што вршат железнички сообраќај, врши Министерството за транспорт и врски.

Член 62

Инспекциски надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите што се однесуваат на железничкиот сообраќај врши Државниот инспекторат за транспорт (во натамошниот текст: Инспекторат).

Член 63

(1) Инспекцискиот надзор се врши преку инспектори за:

- железничка инфраструктура,

- влеча на возови и возни средства,

- железнички сообраќај и превоз и
- сигнално-сигурносни, телефонско-телеграфски и електротехнички постројки.

(2) За инспектор за железничка инфраструктура може да се назначи лице со висока стручна подготовка, дипломиран градежен инженер - сообраќајна насока, со најмалку три години работно искуство во струката.

(3) За инспектор за влеча на возови и возни средства може да се назначи лице со висока стручна подготовка дипломиран електротехнички или машински инженер, со најмалку три години работно искуство во струката.

(4) За инспектор за железнички сообраќај и превоз може да се назначи лице со висока стручна подготовка дипломиран сообраќаен инженер - насока за железнички сообраќај и транспорт, со најмалку три години работно искуство во струката.

(5) За инспектор за сигнално-сигурносни, телефонско-телеграфски и електротехнички постројки може да се назначи лице со висока стручна подготовка дипломиран електротехнички инженер со најмалку три години работно искуство во струката.

Член 64

(1) Инспекторот е овластен:

1) да нареди привремено отстранување на техничките и други недостатоци, односно привремено исклучување од сообраќај железнички возила, ако постои опасност со нивната употреба да се загрози безбедноста на железничкиот сообраќај;

2) привремено да го отстрани од работното место железничкиот работник кој непосредно учествува во вршењето на сообраќајот, ако не ги исполнува пропишаните здравствени и стручни услови за самостојно вршење на работите на своето работно место или ако на работното место се наоѓа подолго од пропишаното работно време;

3) да нареди отстранување на неправилностите во вршењето на железничкиот сообраќај и вршењето на тој сообраќај да се усогласи со прописите, а по потреба да го определи начинот за отстранување на утврдените неправилности;

4) да нареди запирање на работите што се изведуваат на железничка пруга и во заштитниот појас на железничката пруга, ако се утврди дека постои опасност со тие работи да се загрози безбедноста на сообраќајот;

5) да нареди запирање на работите што се изведуваат во заштитниот појас на железничката пруга, ако тие се изведуваат без одобрение за градење;

6) да ја прегледа техничката документација во врска со изградбата, реконструкцијата, ремонтот и одржувањето на железничките пруги;

7) да ги прегледа работите на изградбата, реконструкцијата, ремонтот, одржувањето и заштитата на железничките пруги и објектите на пругите;

8) да нареди рушење на објект или негов дел што се гради во заштитниот појас, спротивно на овој закон;

9) да ја провери исполнетоста на условите за управување со железничката инфраструктура;

10) да ја провери исполнетоста на условите за превоз на патници и стока во железничкиот сообраќај;

11) да го провери извршувањето на превозот на патници и стока во железничкиот сообраќај на начин и под услови предвидени со овој закон и прописи со кои се уредува безбедноста на железничкиот сообраќај и

12) да провери дали правилно и редовно се спроведува утврдениот и објавениот возен ред во железничкиот сообраќај.

(2) Ако железничката пруга не е во таква состојба што на неа може да се врши безбеден сообраќај, инспекторот ќе нареди веднаш да се преземат мерки за обезбедување на сообраќајот, а по потреба ќе го забрани привремено и сообраќајот на железничката пруга, односно на загрозената делница од железничката пруга.

Член 65

Правните и физичките лица кои на железничката пруга или во непосредна близина на железничката пруга изведуваат или вршат работи, се должни на инспекторот да му овозможат вршење на инспекција, да му дадат потребни објаснувања и да му ја стават на увид потребната техничка документација.

Член 66

(1) Инспекторот работите на инспекцијата ги врши самостојно и донесува решение во рамките на овластувањата определени со овој закон.

(2) Против решението на инспекторот може во рок од осум дена од денот на приемот на решението да се поднесе жалба до министерот за транспорт и врски.

(3) Жалбата од ставот (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението, ако тоа го бара итноста на мерките одредени во решението.

Член 67

(1) Инспекторот има службена легитимација.

(2) Начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација, формата, содржината, образецот и амблемот на службената легитимација, го пропишува министерот за транспорт и врски.

(3) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да ја покаже службената легитимација.

Член 68

Управителот на инфраструктура и превозниците се должни на Инспекторатот, на негово барање, да му доставуваат извештај за состојбата на железничките пруги и железничките возила.

## VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 69

(1) Со парична казна од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, ако:

1) врши јавен превоз на патници и стока без дозвола за превоз (член 6);

2) врши јавен превоз на патници и стока без решение за безбедност (член 12);

3) врши превоз за сопствени потреби без решение за безбедност (член 13);

4) проектира, гради, реконструира, ремонтира, опремува и одржува железничка инфраструктура што не одговара на потребите на безбедноста на сообраќајот и заштитата на животната средина и природата (член 18 став (3));

5) во пружниот и заштитниот појас врши поставување на водоводни, канализациони, електрични, телефонски и телеграфски водови, без согласност за извршување на тие работи (член 33 став (1)) и

6) врши трговија со инфраструктурни капацитети (член 43 став (7));

(2) Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) на овој член одговорното лице во правното лице.

(3) Со парична казна од 10.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок од ставот (1) точки 4, 5 и 6 на овој член физичкото лице.

Член 70

(1) Со парична казна од 30.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, ако:

1) во рокот утврден од страна на Агенцијата кој не може да биде подолг од шест месеца не се отстранат недостатоците (член 8 став (1));

2) во утврдениот рок не ги пријави статусните промени, промена на фактите и околностите од значење за извршување на дејноста (член 10 став (1));

3) предаде во сообраќај железничка пруга и постројка, објект и уред на пругата без решение за употреба (член 22 став (3));

4) меѓусебно вкрстување на железнички пруги и вкрстување на железничка пруга со друга пруга (индустриска железница, индустриски колосек, трамвајска пруга и слично), изврши спротивно на членот 23 од овој закон;

5) изведува работи на ремонт на железничка пруга без техничка документација и согласност на техничка документација (член 26 ставови (1) и (2));

6) не ја организира и трајно не ја врши контролата на состојбата и одржувањето на железничките пруги, постројките, објектите, уредите и опремата на тие постројки (член 27 став (1));

7) не врши работи на заштита на железничката пруга, објектите, уредите, постројките и опремата (член 32 ставови (1) и (2));

8) не презема потребни мерки за техничка и физичка заштита на железничката пруга и на објектите на пругата (член 36 став (1));

9) не се придржува кон утврдениот возен ред (член 46 став (3)) и

10) пренесува доделен инфраструктурен капацитет на друг превозник (член 43 став (6)).

(2) Со парична казна од 10.000 до 35.000 денари за прекршок од ставот (1) на овој член ќе се казни одговорното лице во правното лице.

Член 71

(1) Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, ако:

1) при изградба или реконструкцијата на железничката пруга, инвеститорот не ги измести, односно прилагоди инсталациите кон настанатите промени (член 20 ставови (1) и (2));

2) не води евиденција и други технички податоци од значење за безбедноста на железничкиот сообраќај (член 21 став (5));

3) при вкрстување на железничка пруга и пат во исто ниво не ги одржува патните премини (член 28 став (1));

4) изведува работи или други активности на железничката пруга и пружниот појас без согласност (член 34);

5) во заштитниот појас на железничката пруга гради згради и објекти или поставува постројки и уреди без одобрение (член 35);

6) управителот на инфраструктурата не ги отстрани привремените заштитни направи, материјалот и другите средства и не плати надомест за користење на земјиште (член 36 став (3));

7) гради објекти и постројки на пружниот појас без согласност на управителот на железничката инфраструктура (член 39 став (2));

8) не води евиденција (член 39 став (3));

9) не донесе акт за условите за градба, реконструкција, одржување и заштита на индустриски колосек, железнички возни средства како и акт за организирање и регулирање на железничкиот сообраќај (член 40 став (5)) и

10) врши превоз без склучен договор за пристап на железничката инфраструктура (член 41 став (3)).

(2) Со парична казна од 10.000 до 35.000 денари за прекршок од ставот (1) на овој член ќе се казни одговорното лице во правното лице.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 72

До денот на влегувањето во сила на националната програма од членот 48 на овој закон, финансирањето на железничката инфраструктура се врши согласно со годишниот план од членот 127 на Законот за Македонските железници ("Службен весник на Република Македонија" број 9/98).

Член 73

Владата на Република Македонија националната програма од членот 48 на овој закон, во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ја достави до Собранието на Република Македонија.

Член 74

(1) Прописите и другите акти чие донесување е утврдено со овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на прописите врз основа на овластувањата на овој закон ќе се применуваат постојните прописи.

Член 75

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за македонските железници ("Службен весник на Република Македонија" број 9/98), освен одредбите од членовите 44 до 125 на истиот закон кои ќе важат до денот на влегувањето во сила, односно до денот на примената на законот кој ќе се однесува на безбедноста на железничкиот сообраќај и членот 127 од истиот закон кој ќе важи до денот на влегувањето во сила на националната програма од членот 48 на овој закон.

Член 76

(1) До отпочнување со работа на Агенцијата за железнички сообраќај и транспорт, дозвола за јавен превоз, решение за безбедност, дозвола за управување со железничка инфраструктура и решение за безбедност за управување со железничка инфраструктура ќе ги донесува министерот за транспорт и врски.

(2) Актите издадени од ставот (1) на овој член ќе имаат важност за период не подолг од една година.

Член 77

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

# LIGJI
# PËR HEKURUDHAT

## I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet organizimi i sistemit hekurudhor, mënyra dhe kushtet e kryerjes së transportit hekurudhor, statusi i infrastrukturës hekurudhore dhe kushtet e qasjes në të, sigurimi i shërbimeve me interes publik dhe rregullimi i transportit hekurudhor.

Neni 2

Shprehjet e veçanta të përdorura në këtë ligj e kanë kuptimin si vijon:

1. **"Paraqitja e rrjetit"** është paraqitje e detajuar e tërë infrastrukturës hekurudhore e dedikuar për transportuesit hekurudhorë që përmban rregulla të përgjithshme, afate, procedura dhe kritere lidhur me përcaktimin e kompensimit për shfrytëzimin e infrastrukturës hekurudhore dhe kriteret për sistemimin e kapaciteteve si dhe informata të tjera për kushtet e qasjes në infrastrukturën hekurudhore.

2. **"Makina tërheqëse"** është makinë hekurudhore me motor të vetin (lokomotivë dizel, lokomotiva me rrymë elektrike, lokomotiva me avull, makina motorike dhe automjete motorike për dedikime të veçanta);

3. **"Makina e tërhequr"** është makinë hekurudhore e dedikuar për transportin e udhëtarëve, bagazhit ose mallit (makina transporti për udhëtarë, rimorkio);

4. **"Treni"** është varg i përbërë dhe i lidhur sipas rregullës, i vagonëve transportues hekurudhorë dhe për udhëtarë me një makinë tërheqëse ose më tepër makina tërheqëse me motor të vetin, vetëm makinë tërheqëse e veçantë me motor të vetin dhe vetëm makina motorike;

5. **“Hapësira ajrore e hekurudhës”** është hapësira mbi brezin hekurudhor në lartësi prej 12 përkatësisht 14 metra, përgjatë kalimit të largpërçuesit me tension më të lartë se 220 KV, duke llogaritur nga skaji i lartë i binarit;

6. **“Orari i vozitjes”** është akti i udhëheqësit të infrastrukturës hekurudhore me të cilin përcaktohet komunikacioni i planifikuar i trenave për transport publik të udhëtarëve dhe mallit si dhe transporti për nevojat e veta të infrastrukturës hekurudhore;

7. **“Leja për transport”** është dokument publik i lëshuar nga organi kompetent, me të cilin personit juridik i vërtetohet statusi i transportuesit hekurudhor me të drejtën e kryerjes së të gjitha llojeve apo llojeve të veçanta të transportit;

8. **“Leja për udhëheqjen me infrastrukturën hekurudhore”** është dokument publik i lëshuar nga organi kompetent, me të cilin personit juridik i vërtetohet se i plotëson kushtet e përcaktuara për udhëheqje dhe mirëmbajtje të infrastrukturës hekurudhore;

9. **“Sistemi hekurudhor”** përbëhet nga transporti hekurudhor dhe infrastruktura hekurudhore;

10. **“Transporti hekurudhor”** është veprimtari që përfshin transportin e udhëtarëve dhe mallit dhe/ose tërheqjen e trenave;

11. **“Infrastruktura hekurudhore”** përbëhet nga binarët hekurudhorë me mekanizmin e poshtëm dhe të sipërm, objekte e binarëve, stacionet hekurudhore, objektet e tërheqësve elektrik të trenave, sistemet e sigurimit sinjalizues, sistemet e telekomunikimit dhe informimit në komunikacionin hekurudhor, ndërtesat, depot dhe objektet tjera ndërtimore të stacioneve hekurudhore që janë në funksion të organizimit, rregullimit të komunikacionit hekurudhor dhe mirëmbajtjes së infrastrukturës, trualli që në mënyrë funksionale i takon binarëve, vendet zyrtare dhe objektet;

12.**“Vija hekurudhore”** është vijë e komunikacionit tokësor me shina nëpër të cilat kryhet transporti i udhëtarëve dhe mallit me makina hekurudhore;

13. **“Stacioni hekurudhor”** është vend zyrtar i vijës hekurudhore prej të cilit rregullohet komunikacioni i trenave të kundërt dhe vijues dhe ku hyjnë e dalin udhëtarët, si dhe bëhet ngarkimi dhe shkarkimi i mallit;

14. **“Brezi i vijës hekurudhore”** është brez tokësor nga të dyja anët në dhe nën mekanizmin e binarëve i përcaktuar me dokumentacionin teknik investues dhe të eksproprijimit. Gjerësia më e vogël e brezit të vijës hekurudhore është nga 1,0 metër nga të dyja anët e mekanizmit tokësor të binarëve;

15. **“Rrjeti hekurudhor”** është infrastruktura e përgjithshme hekurudhore me të cilën udhëheq udhëheqësi i infrastrukturës;

16. **Makina hekurudhore”** është makinë e dedikuar për qarkullim nëpër vijën hekurudhore (lokomotiva, makina motorike, makina transportuese dhe për udhëtarë, si dhe makina hekurudhore për dedikime të veçanta);

17. **Brezi mbrojtës i binarëve hekurudhorë”** është brezi tokësor i paramenduar nga të dyja anët e binarëve, i gjerë nga 200 metra, duke llogaritur nga skajet e brezit të binarëve;

18.**“Kapaciteti i infrastrukturës”** është numri i përgjithshëm i traseve të trenave, që e mundëson infrastruktura hekurudhore, të cilat shfrytëzohen në bazë të orarit të vozitjes;

19. **“Hekurudha industriale”** është hekurudha me të cilën personi juridik në sferën e komunikacionit, industrisë, xehetarisë, pylltarisë dhe në sferat e tjera ekonomike transporton njerëz dhe mallra për nevojat e veta;

20. **“Binarët industrial”** janë binarët hekurudhorë që lidhen me infrastrukturën hekurudhore dhe shërbejnë për dërgimin dhe përgatitjen e mallit për pronarin, përkatësisht bartësin e së drejtës për shfrytëzimin e binarëve;

21. **“Transporti publik”** është transport i udhëtarëve dhe/ose mallit të pranishëm për secilin në kushte të njëjta, që bëhet në bazë të marrëveshjes ndërmjet transportuesit dhe shfrytëzuesit të shërbimeve;

22. **“Masa e makinës për një metër gjatësi”** është masa e makinës hekurudhore të ngarkuar ose të zbrazët, e pjesëtuar me gjatësinë e makinës në metra, e matur prej ballit në ballë të parashtysësve të pashtrënguar (pjesë parashtysëse), përkatësisht lidhëseve automatike të shprehura me KN për një metër gjatësi;

23. **“Binarët manipulues”** janë pjesë e infrastrukturës hekurudhore, që shërbejnë për transportin e mallit sipas nevojës dhe pa rend të përcaktuar për vozitje.

24.**“Grupimi ndërkombëtar”** është çdo asociacion prej së paku dy ndërmarrjeve hekurudhore të themeluara në së paku dy shtete me qëllim për ofrimin e shërbimeve ndërkombëtare hekurudhore;

25. **“Fatkeqësia”** është ngjarje e padëshiruar e paqëllimtë ose e papritur ose një varg i veçantë i ngjarjeve të këtilla që kanë pasoja të dëmshme. Fatkeqësitë ndahen në kategoritë si vijojnë: ndeshje, rrëshqitje nga shinat, fatkeqësi në vendkalime për udhëtarë, fatkeqësi të personave të shkaktuara nga autoparku hekurudhor në qarkullim, zjarre, e tjerë;

26. **“Ngarkesa boshtore”** është masa e makinës hekurudhore të zbrazët ose të ngarkuar, e shprehur në KN e pjesëtuar me numrin e boshteve të makinës;

27. **Mirëmbajtja e infrastrukturës hekurudhore”** është shuma e të gjitha veprimeve të riparimit vijues dhe investues të infrastrukturës hekurudhore;

28.**“Transportuesi”** është person juridik me status privat ose publik veprimtaria themelore e të cilit është ofrimi i shërbimeve transportuese të udhëtarëve dhe/ose mallit nëpër hekurudhë, në bazë të lejes për transport sipas këtij ligji;

29.**“Transporti për nevojat e veta”** është transport i udhëtarëve dhe/ose mallit që transportuesit dhe personat e tjerë fizikë dhe juridikë, pronarë të makinave transportuese hekurudhore, e kryejnë për nevojat e veta;

30. **“Vendkalimi”** është vend i kryqëzimit të binarëve hekurudhorë me rrugë në të njëjtin nivel;

31. **“Rikonstruktimi i binarëve hekurudhorë, objekteve hekurudhore, stabilimenteve, pajisjeve të makinës hekurudhore”** është riparim me të cilin ndryshohen karakteristikat themelore konstruktive dhe teknike të tyre;

32. **“Riparimi i binarëve hekurudhorë”** do të thotë ndërrim komplet i mekanizmit të sipërm të binarëve (shinat, veglat e shinave, pragjet, lakesat, shoshitja dhe plotësimi i mbulesës), sanimi i mekanizmit të poshtëm dhe elementeve të mekanizmit të poshtëm të binarëve të rreshtuar hekurudhorë;

33. **“Leja për siguri”** është dokument publik i lëshuar nga organi kompetent, me të cilin transportuesit, ndërmarrjes i vërtetohet plotësimi i kushteve të përcaktuara për kryerjen e sigurt të komunikacionit hekurudhor;

34. **“Aktvendimi për siguri në udhëheqjen me infrastrukturën hekurudhore”** është dokument publik i lëshuar nga organi kompetent, me të cilin ndërmarrjes ose personit tjetër juridik i vërtetohet se i plotëson kushtet e përcaktuara të sigurisë për udhëheqje dhe mirëmbajtje të infrastrukturës hekurudhore;

35. **“Vendi zyrtar i binarëve”** është vendi prej nga rregullohet komunikacioni hekurudhor (stacionet hekurudhore, pikat e kryqëzimit, pikat e përcjelljes së komunikacionit, platformat e ngarkimit në stacion, pikat shpërndarëse, pikat e kalimit prej vijës njëbinarëshe në vija dybinarëshe dhe pikat e ndalesës);

36. **“Trase”** është plani i qarkullimit të trenit ndërmjet dy pikave zyrtare, në kohën e paraparë dhe me kushte teknike teknologjike të përcaktuara saktësisht të infrastrukturës hekurudhore;

37. **“Udhëheqësi i infrastrukturës”** është personi publik ose personi tjetër juridik i autorizuar për udhëheqjen dhe mirëmbajtjen e infrastrukturës hekurudhore;

II. ORGANIZIMI I SISTEMIT HEKURUDHOR

Neni 3

(1) Sistemi hekurudhor në Republikën e Maqedonisë i përcaktuar me këtë ligj bazohet në parimin e ndarjes së transportit hekurudhor nga infrastruktura hekurudhore.

(2) Infrastruktura hekurudhore është e mirë me interes të përgjithshëm për Republikën.

(3) Infrastruktura hekurudhore është pronë e Republikës së Maqedonisë dhe në të nuk mund të fitohen të drejta pronësore.

(4) Udhëheqjen, ndërtimin, rikonstruimin, riparimin, mirëmbajtjen, mbrojtjen e infrastrukturës hekurudhore, organizimin dhe rregullimin e komunikacionit hekurudhor dhe udhëheqjen me sistemin për rregullim dhe siguri, si veprimtari me interes publik, i kryen Ndërmarrja publike për infrastrukturën hekurudhore ose personi tjetër juridik në mënyrë dhe kushte të përcaktuara me këtë Ligj.

(5) Transportin hekurudhor të udhëtarëve dhe mallit, për nevoja publike ose personale e kryen personi juridik në kushte dhe mënyrë të përcaktuara me këtë ligj.

III. TRANSPORTI HEKURUDHOR

Neni 4

(1)Transporti hekurudhor është transporti publik i udhëtarëve dhe mallit dhe transporti për nevoja personale;

(2)Transporti hekurudhor publik mund të jetë transport ndërkombëtar ose transport i brendshëm dhe realizohet sipas kushteve të tregut dhe në bazë të marrëveshjes për transport, përveç nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

(3)Transporti publik hekurudhor i udhëtarëve mund të jetë:

- transporti i qytetit - për rajonin e qytetit;
- transporti ndërurban - për rajonin më të gjerë të qytetit;
- transporti rajonal - për rajonet e më shumë komunave;
- transporti ndërkombëtar - për rajonin e më shumë shteteve.

Neni 5

(1) Transportues hekurudhor mund të jetë secili person juridik i vendit ose i huaj, i cili ka leje për transport publik dhe aktvendim për siguri.

(2) Transportues, sipas këtij ligji konsiderohet edhe grupacioni ndërkombëtar.

**1. Leja për transport publik**

Neni 6

(1)Transporti publik i udhëtarëve dhe mallit realizohet në bazë të lejes për transport publik.

(2) Lejen për transport publik (në tekstin e mëtejmë: leja) me kërkesë me shkrim të personit juridik vendor e lëshon drejtori i Agjencisë për transportin dhe komunikacionin hekurudhor (në tekstin e mëtejmë: Agjencia).

(3) Për marrjen e lejes nga paragrafi (1) i këtij neni, personi juridik doemos duhet t'i plotësojë kushtet si vijon:

1) selia e personit juridik doemos duhet të jetë në Republikën e Maqedonisë;

2) të jetë i regjistruar në regjistrin përkatës për kryerjen e veprimtarisë në transportin hekurudhor (pa ose me tërheqjen e trenave ose vetëm për tërheqjen e trenave);

3) nëse nuk është në vijim procedura falimentuese;

4) personi përgjegjës ose anëtari i organit të administrimit te personi juridik të mos jetë i dënuar në mënyrë të plotfuqishme ose të mos i jetë kumtuar masa e sigurisë për një ose më shumë vjet për vepër penale në financat publike, qarkullimin e pagesës dhe ekonomi; vepër penale kundër sigurisë së përgjithshme të njerëzve dhe pronës, vepra penale kundër marrëdhënieve të punës, ikjes së mbikëqyrjes doganore dhe mospagimit të doganës dhe shpenzimeve të tjera që paguhen në procedurën doganore në rastet kur transportuesi kërkon leje për transport ndërkombëtar të mallit që i shtrohet procedurës doganore, deri sa zgjasin pasojat prej aktgjykimit ose masës së kumtuar të sigurisë.

5) financiarisht të jetë i aftë, përkatësisht obligimet e veta të tashme e të ardhme në kushte normale të punës të mund t'i plotësojë në periudhën prej 12 muajsh, që dëshmohet me dokument për aftësinë ekonomike financiare të lëshuar nga Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë;

6) në marrëdhënie pune të ketë punëtorë profesionalë që mund të sigurojnë shkallë të lartë të transportit të sigurt me së paku dy punëtorë për një tren;

7) të disponojë me autopark kualitativ dhe pajisje tjetër teknike përkatëse;

8) të jetë i siguruar në shoqërinë e sigurimeve dhe të paraqesë dëshmi me shkrim për aftësinë e kompensimit eventual të dëmit të shkaktuar në bazë të përgjegjësisë në kryerjen e veprimtarisë së tij ndaj infrastrukturës, shfrytëzuesve të shërbimeve të transportit, personave të tretë dhe ambientit, në pajtim me ligjin dhe dispozitat e tjera, si dhe me marrëveshjet ndërkombëtare që e obligojnë Maqedoninë.

(4) Kushtet e përcaktuar me paragrafin (3) të këtij neni më për së afërmi i përcakton ministri i Transportit dhe Ndërlidhjeve.

(5) Secilit person juridik që ka paraqitur kërkesë dhe i cili i plotëson kushtet nga paragrafi (3) i këtij neni do t'i lëshohet leja.

(6) Leja nga paragrafi (1) i këtij neni nuk është kusht i mjaftueshëm për transportuesin që të ketë të drejtë qasjeje në infrastrukturën hekurudhore.

(7) Transportuesi doemos duhet në çdo kohë t'i plotësojë kushtet nga paragrafi (3) i këtij neni, përveç rasteve nga neni 8 paragrafi (1) dhe neni 10 paragrafi (3) i këtij ligji.

(8) Mënyrën e lëshimit dhe të marrjes së lejes, formën dhe përmbajtjen e formularit të lejes, formën, përmbajtjen dhe mënyrën e udhëheqjes së regjistrit për lejet e lëshuara dhe të marra, si dhe lartësinë e kompensimit për lëshimin e lejes i përcakton Agjencia.

Neni 7

(1) Leja lëshohet me afat të vlefshmërisë deri në 5 vjet me mundësi vazhdimi më së shumti deri në 20 vjet.

(2) Në rast të vazhdimit të vlefshmërisë së lejes sipas paragrafit 1 të këtij neni, transportuesi doemos duhet të dëshmojë se edhe më tej i plotëson kushtet nga neni 6, paragrafi (3) i këtij ligji.

(3) Për ndryshimet në vlefshmërinë e lejes, Agjencia obligohet që menjëherë me shkrim t'i njoftojë të gjitha shtetet me të cilat Republika e Maqedonisë ka lidhur marrëveshje ndërkombëtare për pranimin e ndërsjellë të lejeve.

Neni 8

(1) Nëse konfirmohet se transportuesi nuk i plotëson kushtet nga neni 6 paragrafi (3), pika 5 e këtij ligji, me kusht që të mos rrezikohet siguria e transportit hekurudhor, Agjencia mund t'i urdhërojë transportuesit që t'i mënjanojë mangësitë e konstatuara, në afat i cili nuk mund të jetë më i gjatë se 6 muaj nga dita e pranimit të urdhrit.

(2) Leja merret në mënyrë të përhershme nëse:

1) transportuesi pushon që t'i plotësojë cilindo qoftë nga kushtet nga neni 6 paragrafi (3), përveç kushtit nga neni 6 paragrafi (3) pika 5 e këtij ligji, dhe

2) transportuesi në afatin nga paragrafi (1) i këtij neni nuk i mënjanon mangësitë në aspektin e aftësisë financiare sipas paragrafit (1) të këtij neni.

Neni 9

(1) Nëse transportuesi nuk fillon me veprimtarinë për të cilën ka marrë leje në afat prej 6 muajsh nga dita e lëshimit të lejes, ose nëse ka filluar e nuk e ka kryer veprimtarinë më gjatë se 6 muaj, Agjencia ia merr lejen me aktvendim.

(2) Me përjashtim, nga paragrafi (1) i këtij neni, me kërkesë me shkrim të transportuesit, Agjencia mund të lejojë ndërprerjen e veprimtarisë për periudhë më të gjatë se 6 muaj, nëse kjo bëhet e domosdoshme duke marrë parasysh rrethanat dhe specifikat e transportit që e kryen transportuesi.

(3) Nëse transportuesi, leja e të cilit është marrë sipas paragrafit (1) të këtij neni, paraqet kërkesë të re dhe dëshmon se i plotëson kushtet e përcaktuara, transportuesit mund t'i jepet leje e re.

Neni 10

(1) Transportuesi obligohet që në afat prej 30 ditësh, t'i paraqesë në Agjenci ndryshimet e statusit, si dhe çdo ndryshim të fakteve dhe rrethanave me rëndësi për kryerjen e veprimtarisë, përkatësisht lëshimit të lejes.

(2) Pas pranimit të fletëparaqitjes nga paragrafi (1) i këtij neni, Agjencia varësisht nga madhësia dhe rëndësia e ndryshimeve të bëra, vendos nëse transportuesi duhet të paraqesë kërkesë të re që t'i lëshohet leje e re.

(3) Nëse Agjencia konfirmon se ndryshimet nga paragrafi 1 i këtij neni janë me aq rëndësi që kërkojnë lëshimin e lejes së re, deri në lëshimin e saj transportuesi mundet të vazhdojë t'i kryejë shërbimet transportuese në pajtim me lejen e lëshuar, përveç në rastet e marrjes së lejes së lëshuar paraprake për shkak të rrezikimit të sigurisë së komunikacionit.

1) kompensimi për shfrytëzimin e infrastrukturës hekurudhore;

2) mjetet e siguruara nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë, në shumë prej së paku 0,3% nga hyrjet e planifikuara tatimore në Buxhetin Qendror të Republikës së Maqedonisë për vitin në vijim;

3) buxhetet e njësive të pushtetit lokal për financimin e shërbimeve me interes publik në infrastrukturën hekurudhore.

4) një pjesë e investimeve të personave të vendit dhe të huaj, dhe

5) mjete nga burime të tjera.

(4) Destinimi i mjeteve dhe mënyra e shfrytëzimit të tyre përcaktohen me planin vjetor nga neni 48, paragrafi (6) i këtij ligji.

## V. SHËRBIME ME INTERES PUBLIK NË TRANSPORTIN HEKURUDHOR TË UDHËTARËVE

### Neni 57

(1) Me qëllim që të realizohet interesi publik, në transportin hekurudhor të udhëtarëve në Republikën e Maqedonisë ku hyrjet e realizuara nga shërbimet transportuese nuk mund t'i mbulojnë shpenzimet, si edhe që të zmadhohet aftësia e transportuesve në transportin hekurudhor të udhëtarëve që të jenë konkurrent me llojet e tjera të transportit, Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me propozim të ministrit të Transportit dhe Ndërlidhjeve, do t'i përcaktojë shërbimet e atilla.

(2) Për realizimin e interesit publik nga paragrafi (1) i këtij neni, në rajonin e njësive të vetadministrimit lokal, këshillat e njësive të vetadministrimit lokal mund t'i përcaktojë shërbimet e atilla, për çka e lajmërojnë Ministrinë e Transportit dhe Ndërlidhjeve.

(3)Sigurimi i mjeteve për destinimin nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, do të realizohet nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë dhe/ose nga buxhetet e njësive të vetadministrimit lokal sipas kritereve si vijojnë:

- ekzistimi i interesit publik;
- qasje e llojit tjetër të komunikacionit;
- politika e shtetit në raport me çmimin e biletave për transportin hekurudhor të pasagjerëve, dhe
- investime në sigurinë e komunikacionit hekurudhor.

### Neni 58

(1) Ministria e Transportit dhe e Ndërlidhjeve, përmes konkursit publik në përputhje me Ligjin për furnizime publike, e zgjedh transportuesin i cili do t'i kryejë shërbimet nga neni 57 të këtij ligji.

(2) Transportuesi i zgjedhur lidh marrëveshje me Qeverinë e Republikës së Maqedonisë ose me kryetarët e komunave përkatësisht me kryetarin e Qytetit të Shkupit për një periudhë prej më së paku pesë vitesh. Marrëveshja transportuesit të zgjedhur do t'i sigurojë kompensim mbi bazë të përllogaritjeve të përcaktuara me marrëveshjen.

### Neni 59

Mjetet për kompensim të një pjese të shpenzimeve të transportuesve, nga neni 58 të këtij ligji, sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë, përkatësisht nga Buxheti i njësisë së vetadministrimit lokal.

## VI. DETYRIMET E KËSHILLIT GREVIST DHE TË PUNONJËSVE GJATË KOHËS SË GREVËS

### Neni 60

(1) Në personin juridik i cili kryen transport publik dhe në personin juridik udhëheqës i infrastrukturës, gjatë kohës së grevës, këshilli grevist dhe punonjësit që marrin pjesë në grevë, detyrimisht duhet të sigurojnë nivel të domosdoshëm të procesit të punës me të cilin nuk do të rrezikohet jeta, shëndeti, siguria sociale dhe ekonomike e qytetarëve dhe kryerje të domosdoshme të veprimtarive ekonomike dhe veprimtarive të tjera në Republikën e Maqedonisë, përkatësisht gjatë kohës së grevës domosdo duhet të jenë në qarkullim trenat vijues të cilët:

- transportojnë kafshë
- transportojnë produkte të freskëta;
- transportojnë materie dhe lëndë të rrezikshme;
- qarkullojnë në komunikacionin ndërkombëtar;
- transportojnë lëndë të para, pjesë ndërrimi dhe karburante të cilat janë të domosdoshme për ecurinë e veprimtarive ekonomike dhe veprimtarive të tjera të vendit, dhe
- transportojnë udhëtarë në komunikacionin lokal rrugor në të gjitha relacionet edhe atë një çift trenash.

(2) Këshilli grevist dhe personi udhëheqës i drejtuesit të infrastrukturës dhe personi udhëheqës i transportuesit i përcaktojnë punonjësit të cilët do t'i kryejnë punët nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Mossigurimi i nivelit të domosdoshëm të procesit të punës sipas këtij neni, paraqet shkelje të rëndë të obligimit ndaj punës.

## VII. MBIKËQYRJA

### Neni 61

Mbikëqyrje mbi ligjshmërinë e punës së drejtuesit të infrastrukturës e të transportuesve dhe subjekteve të tjera juridike të cilat ushtrojnë komunikacion hekurudhor bën Ministria e Transportit dhe e Ndërlidhjeve.

### Neni 62

Mbikëqyrje inspektimi mbi aplikimin e dispozitave të këtij ligji dhe rregullave që kanë të bëjnë me komunikacionin hekurudhor, ushtron Inspektorati Shtetëror për Transport (në tekstin në vijim : Inspektorati).

### Neni 63

(1) Mbikëqyrje inspektimi ushtrohet përmes inspektorëve për:

- infrastrukturë hekurudhore;
- tërheqje të trenave dhe mjeteve të trenave;
- komunikacion dhe transport hekurudhor;
- instalimet e shenjave sinjalizuese-për sigurim, instalimeve telefonike-telegrafike dhe elektroteknike;

(2) Inspektor i infrastrukturës hekurudhore mund të emërohet person me përgatitje të lartë profesionale, inxhinier i diplomuar i ndërtimtarisë-dega e komunikacionit, me më së paku tri vjet përvojë pune në profesion.

(3) Inspektor i tërheqjes së trenave dhe mjeteve të trenave mund të emërohet person me përgatitje të lartë profesionale, inxhinier i diplomuar i elektroteknikës ose inxhinier i makinerisë, me më së paku tri vjet përvojë pune në profesion.

(4) Inspektor i komunikacionit dhe i transportit hekurudhor mund të emërohet person me përgatitje të lartë profesionale, inxhinier i diplomuar i komunikacionit – dega e komunikacionit dhe transportit hekurudhor, me më së paku tri vjet përvojë pune në profesion.

(5) Inspektor i instalimeve të shenjave sinjalizuese për sigurim, instalimeve telefonike – telegrafike dhe elektroteknike, mund të emërohet person me përgatitje të lartë profesionale, inxhinier i diplomuar i elektroteknikës, me më së paku tri vjet përvojë pune në profesion.

### Neni 64

(1) Inspektori është i autorizuar që:

1) të urdhërojë shmangie të përkohshme të mangësive teknike dhe mangësive të tjera, përkatësisht përjashtim të përkohshëm të mjeteve nga komunikacioni hekurudhor nëse ekziston rreziku që me përdorimin e tyre të rrezikohet siguria e komunikacionit hekurudhor;

2) përkohësisht ta largojë nga vendi i punës punonjësin e hekurudhës i cili drejtpërsëdrejti merr pjesë në ushtrimin e komunikacionit, në rast se nuk i përmbush kushtet e përcaktuara shëndetësore dhe kushtet profesionale për kryerje në mënyrë të pavarur të detyrave në vendin e punës ose nëse në vendin e punës gjendet kohë më të gjatë nga orari i përcaktuar i punës;

3) të urdhërojë shmangien e parregullsive gjatë ushtrimit të komunikacionit hekurudhor dhe ushtrimi i këtij komunikacioni të harmonizohet me rregullat, kurse sipas nevojës ta përcaktojë mënyrën e shmangies së parregullsive të verifikuara;

4) të urdhërojë ndërprerjen e punimeve të cilat realizohen në vijën hekurudhore dhe në brezin e sigurisë së vijës hekurudhore në rast se verifikohet se ekziston rrezik që me ato punime të rrezikohet siguria e komunikacionit;

5) të urdhërojë ndërprerjen e punimeve të cilat realizohen në brezin e sigurisë së vijës hekurudhore nëse ato realizohen pa leje ndërtimi;

6) ta kontrollojë dokumentacionin teknik në lidhje me ndërtimin, rikonstruksionin, riparimin dhe mirëmbajtjen e vijës hekurudhore;

7) t'i kontrollojë punimet e ndërtimit, rikonstruksionit, riparimit, mirëmbajtjes dhe mbrojtjes së vijës hekurudhore dhe të objekteve në vijat hekurudhore;

8) të urdhërojë rrënimin e objekteve apo të një pjese që ndërtohet në brezin e sigurisë, në kundërshtim me këtë ligj;

9) ta verifikojë përmbushjen e kushteve për menaxhim me infrastrukturën hekurudhore;

10) ta verifikojë përmbushjen e kushteve për transportin e pasagjerëve dhe mallit në komunikacionin hekurudhor;

11) ta verifikojë përmbushjen e transportit të pasagjerëve dhe mallit në komunikacionin hekurudhor në mënyrë dhe nën kushte të parapara me këtë ligj dhe rregulla me të cilat rregullohet siguria në komunikacionin hekurudhor; dhe

12) të verifikojë nëse në mënyrë të drejtë dhe rregullisht zbatohet itinerari i përcaktuar dhe i shpallur në komunikacionin hekurudhor.

(2) Nëse vija hekurudhore nuk është në gjendje të atillë që të mund të kryhet komunikacion i sigurt, inspektori do të urdhërojë që menjëherë të ndërmerren masa për ta siguruar komunikacionin, kurse sipas nevojës përkohësisht mund ta ndërpresë komunikacionin në atë vijë hekurudhore, përkatësisht në segmentin e rrezikuar të vijës hekurudhore.

Neni 65

Personat juridikë dhe fizikë të cilët në vijën hekurudhore ose në afërsi të drejtpërdrejtë të vijës hekurudhore kryejnë apo realizojnë punime, duhet detyrimisht inspektorit t'ia mundësojnë ushtrimin e inspektimit, t'i japin sqarime të nevojshme dhe t'ia vënë në shqyrtim dokumentacionin e nevojshëm teknik.

Neni 66

(1) Inspektori, punët e inspektimit i ushtron në mënyrë të pavarur dhe merr vendim në kuadër të autorizimeve të përcaktuara me këtë ligj.

(2) Kundër vendimit të inspektorit, brenda afatit prej tetë ditësh nga dita e pranimit të vendimit, mund të ngrihet ankesë deri te ministri i Transportit dhe i Ndërlidhjeve.

(3) Ankesa nga paragrafi (2) i këtij neni, nuk e shtyn përmbarimin e vendimit, nëse këtë e kërkon urgjenca e masave të përcaktuara në vendimin.

Neni 67

(1) Inspektori ka legjitimacion zyrtar.

(2) Mënyrën e lëshimit dhe heqjes së legjitimacionit zyrtar, formën, përmbajtjen, formularin dhe emblemën e legjitimacionit zyrtar, i përcakton ministri i Transportit dhe i Ndërlidhjeve.

(3) Gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, inspektori është i obliguar ta tregojë legjitimacionin zyrtar.

Neni 68

Drejtuesi i infrastrukturës dhe i transportuesve janë të obliguar që Inspektoratit, me kërkesë të tij, t'i paraqesin raport për situatën në vijat hekurudhore dhe për mjetet e hekurudhës.

## VIII. DISPOZITA NDËSHKUESE

Neni 69

(1) Me dënim me para, prej 100 000 denarë deri më 300 000 denarë, do të dënohet për kundërvajtje personi juridik nëse:

1) bën transport publik të pasagjerëve dhe mallit pa leje transporti (neni 6);

2) bën transport publik të pasagjerëve dhe mallit pa vendim për siguri (neni 12);

3) bën transport për nevoja vetjake pa vendim për siguri (neni 13);

4) projekton, ndërton, rikonstrukton, riparon, pajis dhe mirëmban infrastrukturë hekurudhore e cila nuk iu përgjigjet nevojave të sigurisë së komunikacionit dhe mbrojtjes së ambientit jetësor dhe natyrës (neni 18 paragrafi ( 3);

5) në brezin e binarëve dhe në brezin e sigurisë vendos tuba ujësjellësi dhe kanalizimi, vija telefonike dhe telegrafike, pa pëlqim për realizimin e këtyre punëve (neni 33 paragrafi (1); dhe

6) bën tregti me kapacitete infrastrukturore (neni 43 paragrafi (7);

(2) Me dënim me para, prej 30 000 denarë deri më 50 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni, personi përgjegjës te personi juridik.

(3) Me dënim me para prej 10 000 denarë deri më 30 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje nga paragrafi (1), pikat 4, 5 dhe 6 të këtij neni, personi fizik.

Neni 70

(1) Me dënim me para, prej 30 000 denarë deri më 100 000 denarë, do të dënohet për kundërvajtje personi juridik nëse:

1) brenda afatit të përcaktuar nga Agjencia, i cili nuk mund të jetë më i gjatë se 6 muaj, nuk evitohen mangësitë (neni 8 paragrafi (1));

2) brenda afatit të përcaktuar nuk i paraqet ndryshimet statusore, ndryshimin e fakteve dhe rrethanave me rëndësi për kryerjen e veprimtarisë (neni 10 paragrafi (1));

3) në komunikacion lëshon vijë hekurudhore dhe instalim, objekt dhe zyrë në vijën hekurudhore pa vendim për përdorim (neni 22 paragrafi (3));

4) bën kryqëzimin e vijave hekurudhore dhe kryqëzimin e vijës hekurudhore me vijë tjetër hekurudhore (hekurudhë industriale, binarë industrial, vijë tramvaji dhe ngjashëm), në kundërshtim me nenin 23 të këtij ligji;

5) bën punë riparimi të vijës hekurudhore pa dokumentacion teknik dhe pa pëlqim për dokumentacionin teknik (neni 26 paragrafët (1) dhe (2));

6) nuk e organizon dhe nëse në mënyrë permanente nuk e bën kontrollin e gjendjes dhe mirëmbajtjes së vijave hekurudhore, instalimeve, objekteve, zyrave dhe pajisjeve në këto instalime (neni 27 paragrafi (1));

7) nuk kryen punë për sigurimin e vijës hekurudhore, objekteve, zyrave, instalimeve dhe pajisjes, (neni 32 paragrafët (1) dhe (2)); dhe

8) nuk ndërmerr masa të nevojshme për sigurimin teknik dhe fizik të vijës hekurudhore dhe të objekteve në vijën hekurudhore (neni 36 paragrafi (1));

9) uk i përmbahet itinerarit të përcaktuar (neni 46 paragrafi (3)); dhe

10) mbart kapacitetit të ndarë infrastrukturor të transportuesit tjetër (neni 43 paragrafi (6)).

(2) Me dënim me para, prej 10 000 denarë deri më 35 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni, personi përgjegjës te personi juridik.

Neni 71

(1) Me dënim me para, prej 20 000 denarë deri më 50 000 denarë, do të dënohet për kundërvajtje personi juridik nëse:

1) gjatë ndërtimit ose rikonstruksionit të vijës hekurudhore, investitori nuk i zhvendos përkatësisht nuk i përshtat instalimet me ndryshimet e krijuara (neni 20 paragrafët (1) dhe(2));

2) nuk mban evidencë dhe të dhëna të tjera teknike të rëndësishme për sigurinë e vijës hekurudhore (neni 21 paragrafi (5));

3) gjatë kryqëzimit të vijës hekurudhore me rrugë në nivel të njëjtë nuk i mirëmban kalimet rrugore (neni 28 paragrafi (1));

4) realizon punë ose aktivitete të tjera në vijën hekurudhore dhe brezin e binarëve pa pëlqim (neni 34);

5) në brezin e sigurisë të vijës hekurudhore ndërton ndërtesa dhe objekte apo vendos instalime dhe aparate pa leje (neni 35);

6) drejtuesi i infrastrukturës nuk i eviton të gjitha mjetet e sigurisë, materialin dhe mjetet e tjera dhe nëse nuk paguan kompensim për shfrytëzimin e truallit (neni 36 paragrafi (3));

7) ndërton objekte dhe instalime në rripin e binarëve pa pëlqim të drejtuesit të infrastrukturës hekurudhore (neni 39 paragrafi(2));

8) nuk mban evidencë (neni 39 paragrafi (3));

9) nuk nxjerr akt për kushtet e ndërtimit, rikonstruksionit, mirëmbajtjes dhe sigurisë së binarit industrial, mjeteve hekurudhore për udhëtim si dhe akt për organizimin dhe rregullimin e komunikacionit hekurudhor (neni 40 paragrafi(5)); dhe

10) bën transport pa marrëveshje të kontraktuar për qasje në infrastrukturën hekurudhore (neni 41 paragrafi (3)).

(2) Me dënim me para, prej 10 000 denarë deri më 35 000 denarë për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni, do të dënohet personi përgjegjës te personi juridik.

IX. DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 72

Deri në ditën e hyrjes në fuqi të programit nacional nga neni 48 i këtij ligji, financimi i infrastrukturës hekurudhore bëhet në përputhje me planin vjetor të nenit 127 të Ligjit për Hekurudhat e Maqedonisë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 9/98).

Neni 73

Qeveria e Republikës së Maqedonisë, programin nacional nga neni 48 i këtij ligji, brenda afatit prej 6 (gjashtë) muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do ta paraqesë pranë Kuvendit të Republikës së Maqedonisë.

Neni 74

(1) Rregullat dhe aktet e tjera, nxjerrja e të cilave është përcaktuar me këtë ligj, do të miratohen në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(2) Deri në ditën e hyrjes në fuqi të rregullave mbi bazë të autorizimeve të këtij ligji, do të aplikohen rregullat ekzistuese.

Neni 75

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, pushon të vlejë Ligji për Hekurudhat e Maqedonisë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 9/98), përveç dispozitave prej nenit 44 deri në nenin 125 të ligjit të njëjtë, të cilat do të vlejnë deri në ditën e hyrjes në fuqi, përkatësisht deri në ditën e zbatimit të ligjit i cili i dedikohet sigurisë në komunikacionin hekurudhor, dhe nenit 127 të ligjit të njëjtë i cili do të vlejë deri në ditën e hyrjes në fuqi të programit nacional nga neni 48 të këtij ligji.

Neni 76

(1) Deri në fillimin me punë të Agjencisë për komunikacion dhe transport hekurudhor, leje për transport publik, vendim për siguri, leje për menaxhim me infrastrukturën hekurudhore dhe vendim për siguri për menaxhim me infrastrukturën hekurudhore do t’i lëshojë dhe marrë ministri i Transportit dhe i Ndërlidhjeve.

(2) Aktet e lëshuara nga paragrafi (1) i këtij neni, do të vlejnë për një periudhë jo më të gjatë se 1(një) vit.

Neni 77

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**929.**

Врз основа на член 11 од Законот за трговските друштва("Службен весник на Република Македонија" бр.28/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.07.2005 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ТРГОВСКИТЕ ДЕЈНОСТИ ОД МАЛ ОБЕМ И НАЧИНОТ НА НИВНА РЕГИСТРАЦИЈА

### Прашања кои се уредуваат

Член 1

Со оваа уредба се уредуваат трговските дејности од мал обем (во натамошниот текст: дејности од мал обем) и начинот на нивната регистрација.

### Видови дејности од мал обем

Член 2

Дејности од мал обем се оние дејности кои ги вршат физичките лица во вид на занимање (во натамошниот текст: вршители на дејности од мал обем) за кои не е задолжително да се вршат во простории или на друг вообичаен начин на којшто ги вршат трговските дејности трговците поединци и трговските друштва, туку се вршат на определени локации или во движење.

Видови на дејности од мал обем се:

- трговија на мало со овошје и зеленчук, бижутерија и галантерија, позамантерија, метли и производи од трска, украсни птици, грнчарски производи, сувенири, уметнички слики и предмети;
- продажба на печени и варени костени, конфекциониран сладолед, печени и варени пченки, мед, семки, кикирики, леблебии, лешници, бадеми;
- оџачарски услуги, чистење на станови,чистење на вариолајт завеси и ролетни, чистење на обувки;
- чување на деца (бебиситер), обука на ученици и студенти во просторија во сопствениот дом.

Дејности од мал обем кои можат да се вршат на организирани пазари се дејностите од став 2 алинеја 1 и 2 од овој член, како и трговија на мало со: јајца, сирење, домашни преработки (конзервиран зарзават и слатко), кори и кадаиф, доколку се врши на само едно продажно место и ако дејноста ја врши самиот барател.

### Барање за регистрација

Член 3

Физичко лице може да врши дејност од мал обем, ако се регистрира за вршење на дејност од мал обем .

Барање за регистрација може да поднесе полнолетно лице кое е државјанин на Република Македонија и коешто не е вработено.

Барањето за регистрација се поднесува на образецот кој што го пропишува градоначалникот на општината.

Барањето за регистрација се поднесува до надлежниот орган на општината.

Кон барањето за регистрација се приложува:

- фотокопија од лична карта,
- фотографија на барателот,
- доказ дека е невработен, и
- доказ дека е платен надоместокот за користење на локацијата за првиот месец. Ова не се однесува на определените локации на сопствено земјиште.

**Регистрација**

Член 4

Градоначалникот на општината донесува решение по барањето за регистрација во рок којшто неможе да биде подолг од три дена од денот на поднесувањето на барањето, заедно со прилозите.

Во решението се наведува видот на дејноста од мал обем за чие вршење се издава решението, како и локацијата, односно начинот на вршењето на дејноста од мал обем.

Решението се донесува за период од една година и може да биде продолжено по барање на вршителот на дејноста од мал обем.

По исклучок, за дејности од мал обем коишто се вршат во определен временски период (сезонски) решението може да се донесе и за пократок период.

Врз основа на решението од став 1 од овој член градоначалникот на општината издава и легитимација која физичкото лице при вршењето на дејноста е должно да ја истакне на видно место (на тезгата).

Формата и содржината на легитимацијата од став 5 на овој член се издава на образецот кој што го пропишува градоначалникот на општината.

**Евиденција на издадените решенија**

Член 5

За издадените решенија за вршење на трговска дејност од мал обем општинската администрација води евиденција. Евиденцијата се води во регистарот на вршителите на дејност од мал обем ( во натамошниот текст: регистар) во којшто се приложуваат барањето за регистрација со прилозите, решението и копие од издадената легитимација.

**Евиденција на вршителот на дејноста од мал обем кај надлежни органи**

Член 6

Градоначалникот е должен во рок од осум дена од денот на издавањето на решението, примерок од решението да достави до Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување.

**Бришење од регистарот**

Член 7

Бришењето од регистарот се врши :

- по барање на вршителот на дејност од мал обем;
- ако вршителот на дејноста не ја врши дејноста на локацијата и на начинот утврдени во решението;
- ако вршителот на дејноста не ги почитува прописите со кои се определени хигиенско-санитарни, еколошки или други посебни услови за вршење на одредени дејности заради заштита на здравјето на луѓето и животната средина;
- ако вршителот на дејноста не се придржува на определеното работно време;
- ако против вршителот на дејноста се поднесени значителен број поплаки од граѓаните за начинот на којшто ја врши дејноста од мал обем, и
- ако друго лице, по било кој основ, наместо вршителот ја врши дејноста од мал обем.

**Услови под кои се вршат дејностите од мал обем**

Член 8

Дејностите од мал обем од член 2 и 3 на оваа уредба можат да се вршат ако вршителот на дејност од мал обем ги исполни општите и посебните услови, определени со закон и со друг пропис за вршење на одделните дејности од мал обем.

Надлежниот инспекциски орган проверува дали се исполнети условите од став 1 на овој член и за тоа ја информира општината.

**Места каде што може да се врши дејност од мал обем**

Член 9

Дејностите од мал обем, можат да се вршат на определени места - локации во населени места, во движење и во соодветна просторија во стан во којшто живее вршителот на дејноста од мал обем.

Местото-локацијата каде што може да се вршат дејностите од член 2 на оваа уредба, ги определува општината, под услов да не се загрозува сообраќајот и слободното движење на сообраќајот и да се обезбеди заштита на животната средина. Покрај овие општи услови општината, односно Градот Скопје, може соодветно на дејноста од мал обем да определи и други посебни критериуми. Одобрените локации и условите под коишто можат да се вршат дејностите од мал обем надлежниот орган на општината ги објавува преку средствата на јавно информирање и на огласната табла на општината.

Локацијата не може да изнесува повеќе од 6м$^2$ и истата се обележува на соодветен начин.

Ако тоа е наведено во решението дејноста од мал обем може да се врши во пазарните денови од неделата и на други локации и пазари во земјата, под условите определени во другите општини.

Местото-локацијата за вршење на дејностите од мал обем може да се определи и на земјиште во приватна сопственост исклучиво со согласност на сопственикот на земјиштето, под истите услови од став 3 и 4 од овој член.

**Надоместок**

Член 10

Паричниот надоместок на доделената локација, секоја општина го определува во висина како за користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејноста.

**Данок за вршење на дејност од мал обем**

Член 11

Вршителот на дејност од мал обем плаќа данок во годишен пушален износ согласно со Законот за персонален данок на доход.

**Работно време во кое може да се врши дејност од мал обем**

Член 12

Работното време во кое може да се вршат дејностите од мал обем го определува Советот на општината, во зависност од видот на дејноста од мал обем и од месните прилики.

**Контрола над вршењето на дејноста од мал обем**

Член 13

Контрола над вршењето на трговската дејност од мал обем спроведуваат надлежните инспекциски органи, согласно закон.

**Начин на користење на локацијата**

Член 14

Начинот на користење на локацијата на која се вршат дејности од мал обем го определува Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје.

Член 15

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2912/1 Претседател на Владата
27 јули 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**930.**

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/02 и 24/03) и член 86 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.07.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА ГЕОТЕРМАЛНА ВОДА НА ДПТ „ЛЕДРА АГРО" ДОО ГЕВГЕЛИЈА НА ЛОКАЛИТЕТОТ СМОКВИЦА - ГЕВГЕЛИЈА

1. На ДПТ „Ледра Агро" ДОО Гевгелија се дава концесија за експлоатација на минералната суровина геотермална вода на локалитетот Смоквица - Гевгелија со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава, и тоа:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА-Х | КООРДИНАТА-У |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.566.600,00 | 7.625.350,00 |
| Т-2 | 4.566.600,00 | 7.626.150,00 |
| Т-3 | 4.565.400,00 | 7.626.150,00 |
| Т-4 | 4.565.400,00 | 7.625.350,00 |

Површината на просторот на експлоатационото поле од точка 1 на оваа одлука изнесува Р=0,96 $km^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука, ќе се определи во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми и висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 22/03, 24/03 и 51/03).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определат во Договорот за концесија.

5. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесија.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2832/1 Претседател на Владата
27 јули 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**931.**

Врз основа на член 93, став 1 од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 27.07.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МРЕЖАТА НА ВЕТЕРИНАРНИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Со оваа одлука се определува мрежата на ветеринарни друштва кои ќе ја вршат ветеринарно здравствената дејности од јавен интерес определена во член 4, точка 1, 2, 3, 4, 11, 12 и 13 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98) за една или повеќе епизоотиолошки единици:

1. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Берово што ги опфаќа епизоотиолошките единици Берово и Пехчево.
2. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Битола што ги опфаќа епизоотиолошките единици Битола, Новаци и Могила.
3. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Македонски Брод што ги опфаќа епизоотиолошките единици Македонски Брод и Пласница.
4. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Валандово.
5. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Виница.
6. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Гевгелија што ги опфаќа епизоотиолошките единици Гевгелија, Богданци и Дојран.
7. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Гостивар што ги опфаќа епизоотиолошките единици Гостивар, Маврово и Ростуше, Врапчиште.
8. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Дебар што ги опфаќа епизоотиолошките единици Дебар и Центар Жупа.
9. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Делчево што ги опфаќа епизоотиолошките единици Делчево и Македонска Каменица.
10. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Демир Хисар.

11. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Кавадарци што ги опфаќа епизоотиолошките единици Кавадарци и Росоман.

12. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Кичево што ги опфаќа епизоотиолошките единици Кичево, Другово, Вранешница, Осломеј и Зајас.

13. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Кочани што ги опфаќа епизоотиолошките единици Кочани, Зрновци и Чешиново и Облешево.

14. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Кратово.

15. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Крива Паланка што ги опфаќа епизоотиолошките единици Крива Паланка и Ранковци.

16. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Крушево.

17. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Куманово што ги опфаќа епизоотиолошките единици Куманово, Липково и Старо Нагоричане.

18. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Неготино што ги опфаќа епизоотиолошките единици Неготино и Демир Капија.

19. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Охрид што ги опфаќа епизоотиолошките единици Охрид и Дебарца.

20. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Прилеп што ги опфаќа епизоотиолошките единици Прилеп, Кривогаштани, Долнени.

21. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Пробиштип.

22. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Радовиш што ги опфаќа епизоотиолошките единици Радовиш и Конче.

23. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Ресен.

24. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Свети Николе што ги опфаќа епизоотиолошките единици Свети Николе и Лозово.

25. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Струга што ги опфаќа епизоотиолошките единици Струга и Вевчани.

26. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Струмица што ги опфаќа епизоотиолошките единици Струмица, Босилово, Василево, Ново Село.

27. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Тетово што ги опфаќа епизоотиолошките единици Тетово, Теарце, Јегуновце, Желино, Брвеница и Боговиње.

28. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Велес што ги опфаќа епизоотиолошките единици Велес, Чашка и Градско.

29. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Штип што ги опфаќа епизоотиолошките единици Штип и Карбинци.

30. Ветеринарно друштво за епизоотиолошко подрачје Скопје што ги опфаќа епизоотиолошките единици Скопје, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани, Сопиште, Ѓорче Петров, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сарај, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Центар, Аеродром, Бутел и Чаир.

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на мрежа на ветеринарни друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/98 и 17/00).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2804/1 Претседател на Владата
27 јули 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**932.**

Врз основа на член 123 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.07.2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

1. Во Решението за именување членови на Советот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/05), во точка 1:

- претставник од Стопанската комора на Македонија:

наместо „Љубица Симоновска, секретар (раководител) на Службата за трговија, угостителство и туризам", се именува „Лазо Ангелевски, советник".

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.09.2005 година.

Бр. 19-2833/1 Претседател на Владата
27 јули 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РМ

**44.**

Врз основа на член 14 точка а) и член 51 став 5, а во врска со член 44 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на РМ" бр. 13/2005), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации, на состанокот одржан на 27.07.2005 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ПРИСТАП И КОРИСТЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИ МРЕЖНИ СРЕДСТВА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

**Предмет**

Со овој правилник се пропишуваат услови за обезбедување на физички пристап и користење на специфични мрежни елементи и придружни средства на опе-

раторите на јавни електронски комуникациски мрежи под определени услови на ексклузивна или неексклузивна основа заради обезбедување на електронски комуникациски услуги.

Пристапот до специфични мрежни елементи и придружни средства опфаќа пристап до елементите на мрежата и придружните средства, кои можат да вклучат поврзување на опремата преку фиксни или подвижни средства, пристап до физичка инфраструктура, вклучително објекти, кабелски инсталации и антенски столбови.

Член 2

**Цел**

(1) Со овој правилник се има за цел да се обезбедат:

(а) општи услови, како и постапка за давање пристап до специфични мрежни елементи и/или средства;

(б) неповлекување на пристап до средствата што веќе бил даден, освен од оправдани причини;

(в) посебни услуги при големопродажба за продажба на пазарот за малопродажба;

(г) услови и постапка за отворен пристап до технички интерфејси, протоколи или други технологии што се потребни во интероперативноста на услугите;

(д) услови за заедничка употреба и на иста локација или други форми на заедничко користење на средства, вклучително објекти, кабелска инсталација и антенски столбови;

(ѓ) услуги потребни за интероперативност на услугите од крајна точка до крајна точка за корисниците.

## II. ОПШТИ УСЛОВИ

Член 3

**Обврска за обезбедување на пристап**

(1) Операторите на јавни комуникациски мрежи обезбедуваат пристап до нивните специфични мрежни елементи и/или придружни средства на барање на други оператори на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни електронски комуникациски услуги, со надомест.

(2) Операторот со значителна пазарна моќ е должен да ги задоволи барањата за пристап и користење на специфични мрежни елементи и/или придружни средства на било кое место од својата мрежа каде што е тоа технички можно.

(3) Оператор со значителна пазарна моќ подготвува општи услови за пристап и користење на специфични мрежни елементи и/или придружни средства и истите ги објавува на својата веб-страна.

(4) Условите од договорите за пристап до специфичните мрежни елементи и/или придружни средства не смеат да се во спротивност со Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него.

Член 4

**Барање за пристап**

(1) Оператор на јавна комуникациска мрежа или давател на јавна електронска комуникациска услуга кој сака да обезбеди пристап до специфичните мрежни елементи и/или придружни средства на друг оператор на јавна комуникациска мрежа, треба да поднесе барање за пристап до другиот оператор.

(2) Операторот од кој е побаран пристап до специфичните мрежни елементи и/или придружни елементи, доставува одговор во рок од 30 (триесет) дена од денот на поднесеното барање за пристап.

(3) Барањето за пристап може да биде одбиено само врз основа на технички и финансиски причини. Одговорот со образложение за одбивањето во писмена форма се доставува до подносителот на барањето и до Агенцијата.

(4) Доколку не се склучи договор за пристап и користење на специфични мрежни елементи и/или придружни средства во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на поднесување на барањето за пристап, на барање на една од страните, Агенцијата постапува и превзема мерки согласно Законот за електронските комуникации.

(5) Агенцијата постапува по сопствена иницијатива ако договорот за пристап е склучен спротивно на Законот за електронските комуникации.

Член 5

**Трошоци за пристап**

(1) Трошоците за пристап и користење на специфични мрежни елементи и/или придружни средства се на товар на операторот или давателот кој го поднел барањето за пристап, освен во случај кога страните поинаку ќе се договорат.

Член 6

**Доверливост на информациите**

(1) Страните во договорот за пристап и користење на специфични мрежни елементи и/или придружни средства, обезбедуваат доверливост на сите податоци разменети во текот на преговорите и во текот на склучувањето на договорот.

(2) Договорот за пристап и користење на специфични мрежни елементи и/или придружни средства содржи одредби за доверливост на информациите што се разменуваат меѓу страните.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во “Службен весник на Република Македонија“.

Претседател
на Комисијата на Агенција
за електронски комуникации,
**Софче Јовановска,** с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Збирки прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 900.00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност).* | 600.00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 700.00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)* | 500.00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 2100.00 |
| 2 | **Закон за трговските друштва,** со вовед, *2004* | 800.00 |
| 3 | **Закон за јавните набавки,** *2004 (со подзаконските акти)* | 200.00 |
| 4 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 900.00 |
| 5 | **Кривичен законик** од *Д-р Владо Камбовски (со измените и дополнувањата од 1999 и 2002 година со краток коментар, објаснувања и регистар на поими)* **- плус Додаток со измените и дополнувањата на КЗ од 2003 и 2004** | 600.00 |
| 6 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право ,** *2000* | 150.00 |

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 7 | **Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 600.00 |
| 8 | **Закон за работните односи** (редакциска збирка, 2005) | 660.00 |
| 9 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | 300.00 |
| 10 | **Закон за прекршоците** (со објаснувања, коментари, судска практика, со прилози) *Д-р Ј. Проевски, М. Кракоски, 1998* | 350.00 |
| 11 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Закони за ратификација на конвенции Д-р Ј. Проевски (со објаснувања), 2002* | 250.00 |
| 12 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | 250.00 |
| 13 | **Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев, М-р Н. Лазарова – Трајковска, 1998* | 200.00 |
| 14 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани и рамковен договор)* | |
| | на македонски јазик (мек повез) | 300.00 |
| | на англиски јазик (мек повез) | 400.00 |
| 15 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 5200.00 |
| 16 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 1500.00 |
| 17 | **Регистар на Прописи на РМ** | 3700.00 |
| 18 | **WEB - базата на прописи од 1945 до денес. www.slvesnik.com.mk** | |

## П О Р А Ч К А бр. 64

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ____________________________________________

**Место:** __________, **ул.** ____________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** __________, ________**2005 година.** **(М.П.)** ____________________

**НОВО, НОВО, НОВО !!!**

# З А К О Н
# ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

**(Редакциски текст - 140 страници – брош подврска)**
**Цена - 660,00 денари.**

# З А К О Н
# ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА

**СО КОМЕНТАР**

од Проф. Д-р Симеон Гелевски
**Цена - 600,00 денари**

## П О Р А Ч К А

**Со ова неотповикливо го порачувам изданието**

1. **Закон за работните односи** во __________ примероци.
2. **Закон за општата управна постапка** во __________ примероци.

**Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000 - Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.**

Порачател: ____________________________________________

Место: _________ ул. _________________ бр. _____, тел/факс __________

Потпис на порачателот

Во _________, _______200__ година. (М.П.) ____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.